## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од второто продолжение на Осумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.одржана на 20 ноември 2001 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Почитувани колеги пратеници,

Продолжуваме со работа по Осумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Оправдано отсуствуваат следните пратеници: Весна Јовановска, Илија Лазаров, Ванчо Панчев и Петар Гошев. Тие ме известија, дека од оправдани причини, не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Претресот по текстот на Законот, за извршување на Буџетот во Република Македонија за 2001 година е заклучен на минатата седница. Меѓутоа, гласањето ќе го извршиме утре во 13,00 часот. Утре во 13,00 часот, а денес ќе обавуваме претрес само. Денес одиме понатаму.

Втора точка -Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите.

Предлогот на законот ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави г-динот пратеник Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван претставник на Владата, почитувани колеги пратеници,

Првпат да работиме благодартение на претседателот за новите измени на Уставот, меѓутоа малку ни е чудно бидејки го немаме потребниот број од 61 пратеник.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега за сега ќе биде така.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Да, во прво време, сигурно мислам во тој дел, ќе ги градиме и рдносите со новите измени на Уставот, во тој дел ,особено и претходно ќе имаме одредени проблеми, во делот на амандманскиот дел во првата фаза, како што е овој случај, сигурно ќе придонесе за поефикасно и подобро работење на Парламентот.

Сметам дека пред нас е Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите. Еден закон, кој со својата суштина и во своето време не би значел многу. Тое пред се да кажеме намалување на акцизите за афтомобилите во Република Македонија, и сигурно во економски пакет би требло да расправаме за некои други проблеми. Проблеми пред се во однос на елементарните средства за живот: тоа е сиромаштијата, тоа е вработувањето покрај се овој Предлог на закон на повеќе пати беше предмет на расправа во овој Парламент. Беше предмет на расправа на закони од пратеници, беше предмет на расправа на пратенички прашања, беше предмет на одредени амандмани, беше предмет на преговори меѓу Владата на Република Македонија и Меѓународниот монетарен фонд и е прашање кое во основа се однесува на еден многу важен сегмент во живеењето на граѓаните, а тоа е: дали автомобилите во Република Македонија претставуваат луксуз, и се предмет на акцизно оданочување, и Република Македонија да има најголеми давачки во однос на автомобилите, не само во своето опслужување, туку во цела Европа и во целиот свет. И во тој однос, ние пратениците и на она што настана околу делот на, во средствата за информирање би сакал прво да укажам на едно процедурално или битно прашање со тоа што иако не е тука министерот за финансии, министерот за финансии со овој закон преку средствата за информирање, ни прати една порака до пратениците. Бидејки овој закон во Парламентот се претпоставува дека ќе наиде на голем отпор меѓу пратениците, особено во позицијата бидејки биле незадоволи и дилерите или продавачите на автомобили во Република Македонија, ќе бил повлечен. Како што гледаме, тој не е повлечен и мислам ддка во таа смисла, министерот не би требало така да се однесува, бидејки зад овој предлог стои Вадата. Меѓутоа, тоа го знаат и стие пратеници во Собранието на Република Македонија, дека акцизите се високи во Република Македонија и сигурно, одредени пратеници работеа на одредени закони, кои ќе ги предложеа пред овој Паралмент.

Значи, министерот не е овластен предлагач, за тоа е овластена Владата и ние имаме легитимен и легален предлог за намалување на акцизите во Република Македонија. Доколку беше спротивно, во интерес на граѓаните, пратениците ше го дадеа тој предлог, а доколку не расправаме на оваа седница ќе расправаме на следните седници.

Меѓутоа, факт е дека акцизите во Република Македонија се многу високи, дека граѓаните не можат да ги набавуваат автомобилите, во функција н аостварување на одредени стопански дејности и лични дејности.

Бидејќи некој од пратениците зборуваа за царината, можам и за тоа кога ќе земам збор да го објаснам. Јас би сакал да

зборувам за акцизите во Република Македонија, во овој сегмент на фискалната политика. Тука спаѓаат акцизите, тука спаѓаат царините и тука спаѓа ДДВ. Досега имаше вкупна давачка од 60 до 70%.

Што е тука реално во Реублика Македонија и што е направено за една долгорочна стратегија и цивилна стратегија, од аспект на фискалната политика, при полнењето или празнењето на Буџетот. Тоа на сите им е јасно: и на Министерството за финансии и на ММФ и на граѓаните и на нас пратениците, дека со ваква фискална политика во оваа област, помалку средства доаѓаат во Буџетот, бидејки се продаваат многу мал број автомобили. Тоа е најважниот и најбитниот факт.

Од друга страна пак, министерот за финансии и Министерството за финансии, зборуваат дека од страна на ММФ, не се третираат, граѓаните на Република Македонија како да имаат автомобили, бидејки со тоа се спроведува Програмата за сузбивање на сиромаштијата.

Затоа јас би сакал да изградиме една долгорочна програма во однос на акцизниот дел, да кажеме каде сме во овој период и што станува со намалувањето на акцизите и секако, со делот кога ќе дојде на намалување на царините.

Република Македонија со овие измени се враќа на една позиција, која долг период и долгорочно беше присутна во Република Македонија, вкупните давачки, комулативно пресметувани на фактурираната цена, поранешниот данок на промет и царината, да се движи некаде од 36 до 40%, за разлика од другите земји во опкружувањето, кои имаат многу помали давачки. Каде настана тој дефект, што не можеме ние да се изедначиме со другите земји, кои имаат многу помали давачки.

Јас мислам, дека е направена грешка ога го донесовме Законот за додадена вредност и во тој дел, Министерството за финансии и министерот, тргнувајки од аспект на обезбедување на средства, што е нормално, кај Министерството и министерот, плашејки се да не се остваруваат приливите во Буџетот, ги остави акцизите, воведовме ДДВ и 19% ги оставивме царините.

Да се потсетиме дека во тој период беше коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и ДА. Пратениците од Демократска алтернатива инсистираа да се укинат акцизите и да се воведе и кај нас ДДВ, што би било нормално, а во тој период министерот за финансии не убедуваше во нешто сосема друго и тогаш, меѓу министерот за сообраќај и врски и министерот за финансии се направи еден дуел, се договори на Владата да остане акцизата, а да се воведе таканаречената комулугација.

Јас за тоа прашање сигурно посакувам да позборуваме, не од аспект на комулугацијата, како институт, кој е потребен во Република Македонија. На актерите на комулугацијата, односно на дилерите им беше дадено исклучиво монополско право, покрај Машинскиот факултет, да вршат комулугација и да наплаќаат околу илјада марки, тоа е плус давачка. Дилерите го задржаа тој монопол, односно бизнис, додека се направи одреден компромис.

Со овие решенија, кои не се долгорочно стратешки, не даваат целосно излегување од овој лавиринт, во кој се наоѓаме како Република Макеоднија. Буџетот е празен, граѓаните на Република Македонија ги малтретираме, да купуваат автомобили од Бугарија; од Србија. Тоа е факт. Во Република Македонија има од 5 илјади до 20 илјади автомобили, за кои имаат различни решенија, а граѓаните се малтретираат. А да не зборуваме од аспект на обновување на возниот парк.

Јас сметам дека во натамошната расправа во делот на акцизите во Република Македонија, ние пратениците треба да го прифатиме амандманот и акцизите за патничките моторни возила, нови и стари, во Република Македонија да не постојат, бидејки, предложеното решение од 7,5% е доволно решение и не нуди долгорочна стратегија во овој дел на фискалната политика. Тоа значи, јас прадлагам да се прифати амандмнаот од нашите колеги за укинување на акцизите.

Инаку, назнам која а смислата за намалувања на акцизите за 7,5%. Тој кажува преку средствата за информирање во своато излагање, дака ги нарушил своите односи со ММФ , па затоа се борел, па бил ангажиран од претседателот на Републиката. Едно мало прашање, навидум мало, но за граѓаните интересно. Па претседателот на Републиката реагирал кај директорот на ММФ дека се залагама за тоа. Министерот своите односи ги гради како министер на Република Македонија, меѓутоа, дали ќе ги наруши своита односи лично, тоа нам не не интересира.

Исто така, битно е и прашањето за царините. Бидејки градиме стратегија, се залагаме со секоја држава да се изедначиме, на граѓаните да им создадеме нормални услови, меѓутоа, во делот за царините, повеќа ќе зборуваме, кога ќе дојде Законот за царини. Се нудар решенија, за намалувања на царинита, за тоа можеме да кажеме и долгорочно и стратегиско утврдување на Буџетот на Република Македонија, и на граѓаните и на дилерите, ние ја имаме превземено обврската од Програмата за стабилизација и асоцијација, дека до 2005 година, царинита на патничкита автомобили, со потекло од Европската Унија, ќа се намалат, односно, ќе се свадат на нула. Затоа, за да можеме да го согледаме овој проблем, Министерството за финансии траба да ни понуди стратегија, како ќа се намалуваат царините, да речема оваа година од 14 на 10%, за да имаме една целина. Бидејќи, сите оние земји кои се на наше ниво на развој, а тоа се: Хрватска, Бугарија, царините од ЕУ ги имаат на нула. Нешто е различно во СРЈ. Во сите земји на светот, постои давачка за патничките автомобили на ДДВ 19% и царината како ќе се брани и како ќе се бара визави европскиот и другите источни пазари. Што значи, во Република Македонија нај реално е во овој период да не постојат акцизни давачки, да имаме

10% царина, со динамика до 2005 година да ја сведиме на нула и некаде давачките во Република Македонија да бидат 29%.

Јас исто така, би сакал да кажам за овој спор што настанал меѓу импортерите, меѓу Министерството за финансии и меѓу овој Парламент, држење на лекции на Парламентот како треба да работи. Би сакал на дилерите на патничките автомобили да им укажам, бидејки тие пред народот и граѓаните на Република Македонија, да кажат кои се нивните провизии. Бидејќи покрај овие давачки, правење на монопол со хомологација, што значи тоа? Од технички аспект треба да го има, меѓутоа никаде во светот за хомологација нема 1200 марки. Во Германија, за да хомологираш, тоа се 160 марки во одредени институции. Дали Министерството за финансии, или Министерството за економија, треба да ја пренесе хомологацијата на Машинскиот факултет, кој што би ги издавал тие потврди од тој аспект, а додека дилерите го имаат тој монопол. Јас зборувам за провизиите што ги имаат дилерите од Република Македонија, до колку провизијата е 5 или незнам колку посто бидејки продаваат повеќе автомобили, во Бугарија би била 1%. Тоа право го имаат во Република Македонија и да извршат хомологација. Но тие дилери што бараат илјада марки, тоа нема никаква логика, од тој аспект јас зборувам.

Сметам дека претставникот на Владата треба во натамошната расправа да го прифати, а ние сите за тоа треба да зборуваме, бидејки Парламентот, ќе застане пред ММФ и ќе му даде на министерот да преговара. Јас мислам дека е најдобро акцизата да се сведе на нула, а ќе расправаме за царините, согласно Спогодбата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г-динот пратеник Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Дозволете по ова исцрпно излагање на колегата Гештаковски, да кажам неколку зборови вов рска со конкретниот закон и мислам дека со ова мое укажување би се подобрил текстот на Законот и не би имало никкави забуни кај предлагачот.

Јас сакам уште во стартот да спомнам дека дефинитивно Владата се сетила за една конкретна мерка која позитивно би се одразила и врз севкупните социјални состојби во Макеоднија, но од друга страна е клучно прашање при донесувањето на еден ваков закон, би ги подобриле состојбите во државата.

Дозволете ми на почетокот да ве потсетам дека уште на продолжението на 42-та седница на Собранието на Република Макеоднија, одржана на 19 април 2000 година, група пратеници од СДСМ, поднесоа закон за измена на Законот за акцизи и со тоа сакам да ве потсетам дека токму тој Закон беше поднесен како последица со воведувањето на ДДВ, кој стапи во сила на 1 април 2000 година.

Доколку со внимание се прочитаат стенографските белешки од таа седница, еден од предлагачите бев и јас, токму сега, од 19 април 2000 година, образложението во однос на носење на овој закон, што Владата ни го предлага, извадени се стенограмите од тогашната седница, кога се предлагаше да се компензираат негативните ефекти од воведувањето на ДДВ, се предлага закон за измена на Законот за акцизи. Сега, можеби не е коректно, према предлагачот да се поставува конкретно прашање, зошто токму во толку долг период , на штета на државниот Буџет, се водело инат со некои пратеници, кои предлагале еден таков закон, кој сега Се донесува после толку долго време и треба да се потсетиме дека министерот за финансии треба некогаш да го чуе гласот на пратениците и фактички, целокупната законска регулатива, која во поагтедната фаза, пред да заживее во практиката, треба на некој начин, да добие таква физиономија, токму во парламентарната расправа.

Меѓутоа, било како и да е, се надевам дека овој Закон ќе биде подржан, со кратко укажување, она што гокажа колегата Гештаковски. Ние денеска би требало да направиме напор и ако сакаме да ги постигнеме крајните ефекти позитивни од овој закон, за полнење на буџетската каса, бидејки во образлшкението се кажува дека така какошто важеше досега има исклучително, Негативен однос врз прометот на возилата, а следствено, на тоа се одразува и на намалување на буметските приливи во буџетската каса и затоа, мислам дека треба да направиме уште еден напор и таа стапка од 7,5%, кај акцизата на автомобилите да ја намалиме.

Второ, имам еден мал коментар дека сепак, и покрај напорите што ги прави Владата, поднесувајки еден ваков закон за намалување на акцизната стапка и правење на една нормална давачка за овој вид на производи на домашниот пазар, повторно по мене Се прави една круцијална грешка, што значи, високата класа на автомобили над 3 илајди кубика, се намалува драстично, а она, која што има најмасовна потрошувачка, според мои информации, каде што 80% од вкупниот проблем на автомобили е продажбата на автомобилите преку дилерите до 2000 кубика, не дожиевејаа со еден такво драстичен Закон намалување. Тоа според мене, ќе предизвика зголемени долгови и одливи и на некој начин, пореметување на девизните резерви во Република Македонија и затоа, предлагачот по мене, повторно требаше да направи дистинкција, за тоа, што е луксуз, а што е потреба во оваа држава, во сегментот н апотрошувачката на автомобили.

Затоа јас лично сметам Дека давачките кај класата на автомобили над 3

иљјади кубици, ако не исти, требаше да бидат драстично поголеми од онаа класа под 2 иљјади кубика. Меѓутоа, јас сум застапник на ПЗП, за да не настане надградување, како што дојде по 1 април 2000 година на данок на данок, безразлика дали тој се вика данок на додадена вредност, или акциза, да го прифатиме во амандманската расправа оној амандман што дел од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ го предложија, комплетно да се укине стапката за автомобили.

Акцизната стапка на автомобили, барем до 2000 кубици и на некој начин да се врати во првобитната состојба продажбата на автомобили од пред 1 април 2000 година. Со тоа, одговорно тврдам и може да се направи некоја емпириска анализа, дека на тој начин, преку зголемениот обем на продажба, би се зголемиле драстично приходите во Буџетот, што го тврдевме исто на седницата на 19 април 2000 година, кога предлагавме закон за пеглање на негативните еф9кти од воведувањето на данокот на додадена вредност.

Од друга страна, треба да смогнеме сили, 6ез разлика на ставот на министерот, кој последните денови излезе во јавност, како контра некои ефекти од изјавите на дилерите што го дадоа во Стопанска комора. И, треба јасно да му се укаже на министерот дека со законите, кои се предлагаат до Парламентот, не се води инает помеѓу некои структури во државата и воопшто не треба да бидат присутни емоциите тука, дали некој некого навредил со некои изјави што ги дал за јавност. Ако се направени некои анализи дека, со еден ваков законски текст, драстично се подобрува приходот во Буџетот, воопшто министерот не треба да размислува што другите капитални интереси изјавуваат во јавните медиуми. Напротив, овој закон денеска треба да остане на дневниот ред, значи да не се повлекува од страна, 6идејќи не го гледам министерот дека е тука. И, воопшто да не прети кај пратениците кои имаат поднесено амандман барем до класата до 2000 кубици да се укине и онаа новопредложена стапка од 7,5%, бидејќи основната цел на овој закон, како што читаме во образложението е точно преферирање и зголемување на обемот на продажбата на автомобилите на домашниот пазар, а согласно тоа и зголемување на приходите во Буџетот, преку зголемдн обем на продажба.

Исто така, за поздравување е и другата заштитна меркаг што се нуди во измената на овој законски текст, околу, на некој начин стопирање на натамошно дивеење на увоз на стари автомобили од соседна Бугарија, иако лично сметам дека со едно вакво решение не се постигнува до крај системски да се реши проблемот. Би имале тука разно - разни манипулирања на овој член што се предлага околу тие враќања 10 дена на автомобилите стари да остануваат од земјата на увозот. Меѓутоа, сметма дека на некој начин ќе се тоа компензира со претходната мерка, кога ќе се спуштат давачките на овој вид на акцизен производ, на некој начин би се стопирале и оние основни мотиви за купување на стари автомобили.

Значи, да завршам. Освен мојата согласност што ќе ја дадам кон оној амандман дека и оние 7,5%, поготово во класата до 2000 кубици, треба, како акцизна давачка да се укинат, го поздравуваме овој закон и без никакви проблеми би требало денес да се изгласа во Парламентот. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес. Отворам претрес по Текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Чедомир Краљевски поднесе амандман на член 1, во новиот член 7-6, став 1 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Никола Јованов поднесе амандман на член 3 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Илија Лазаров, Митко Киров, Слободан Ќосев, Горанчо Трајков, Крале Спанчевски и Ванчо Ѓорѓиев, поднесоа амандман за менување на член 3 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот 1, во новиот член 7-в став 1, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е на член 1 во новиот член 7-в, став 1 поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски. Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 3, поднесен од пратеникот Никола Јованов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Не се прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Дали некој друг бара збор?

Господин Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Благодарам господине претседателе.

Почитувани колеги пратеници,

Мојот амандман се однесува на укинување на акцизата како давачка за возилата во Република Македонија, со просто образложение.

Прво, веројатно сме една од ретките држави, или можеби единствената каде што има ваква давачка на возилата, а

знаеме дека ваквите давачки воглавном се наменети на луксузните стоки. Ако го земеме податокот колку стари возила во Република Македонија има и колкав е просекот на староста на истите тие возила, нивното учество во сообраќајните несреќи и така натаму и така натаму, ќе видиме, што се однесува до Република Македонија апсолутно не станува збор за луксузна стока.

Имено, на Македонија и е потребно неопходно обновување на возниот парк. Владата, односно Министерството за финансии со предлог на смалување на стапките на акцизите со просто образложение дека треба да се зголеми продажбата. Бидејќи ние немаме некоја прецизна анализа колку би се продале возила со 7,5% акциза, колку би се продале возила берз 7,5%, т.е. комплетно ослободени од давачките. Според тоа, по логиката, ако треба да се продадат повеќе возила и да се придонесе повеќе во Буџетот по основ на ДДВ и по основ на царините, логично е да возилата бидат ослободени од акцизната давачка. Затоа, јас апелирам до останатите колеги пратеници да гласаат за овој амандман.

Благолдарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 3, поднесен од пратениците Илија Лазаров, Митко Киров, Слободан Ќосев, Горанчо Трајков, Крале Спанчевски и Ванчо Ѓорѓиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Не се прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не се прифаќа. Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Продолжуваме со претрес по Текстот на предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот.

Одиме на третата точка.

Како што рековме, гласањата ќе ги обавиме утре, по се што ќе спакуваме, утре во 13,оо часот.

Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за буфетите.

Предлогот на законот ви е поделен.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 1, за додавање два нови става по ставот 3 и тој 9 составен дел на Текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Таки Фити поднесе амандман на член 1 став 5, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 5 поднесен од пратеникот Таки Фити.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Ве молам ако сакате да повторите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Претресот е, амандман на член 1 став 5, поднесен од пратеникот Таки Фити. Ве молам, да си се сконцентрирате на работата овде.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Дали некој друг бара збор?

Господин Васил Манчев. Грешка е.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Продолжуваме со претрес по Текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Четврта точка - Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој по Договорот за заем за проектот за подобрување на водоснабдувањето, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Петта точка - Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој (ИДА) по Договорот за кредит за проектот за подобрување на водоснабдувањето со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните Тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? - Господин Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Ние денеска дефинитивно почнавме со новиот Устав да работиме и не случајно Собранието почна да работи со пет пратеници.

Но, сигурно сите ние сме свесни за тоа дака новиот Устав треба во целост да се применува, а тоа значи и други обврски што произлегуваат.

Затоа, од претседателот на Собранието барам да што е можно порано, дури и итно да ги преведува и другите технички средства и преведувачи, да може да се употреби и уставната норма, употреба на албанскиот јазик во Собранието на Република Македонија. Иако јас денеска ќе зборувам македонски, не би сакал да создадам некои проблеми, со обзир на тоа дека имам разбирање за тоа што не може преку ноќ тие работи да се осигураат, па затоа ќе дискутирам како што сум дискутирал и досега. Имам трпение и се надевам дека еден ден и тоа ќе се случи.

Почитувани пратеници,

Денеска ние расправаме за закон за задолжување на Република Македонија со ИДА услови, што значи апсолутно поволен кредит за подобрување на водоснабдувањето во Република Македонија. Сите ние сме свесни што значи и каква ни е состојбата со водоснабдувањето во Република Македонија, посебно во градот Скопје и околните приградски населби. Со обзир дека ќе мора да ве потсетам дека овој кредит се зема од страна на градското Собрание, а гарант е Министерството за финансии, а корисник на кредитот ќе биде Јавното претпријатие за водоснабдување - Скопје. Ќе мора да ве потсетам, уште кога се носеше законот за градот Скопје, јас како пратеник и одредени пратеници бараа овој проблем да се реши на поинаков начин. Моето искуство и искуството на моите колеги пратеници од околните села, од Град Скопје, боше јасно дока со јавно претпријатие и основач ќе биде градот Скопје, а без можност да поранешните, бивши општи од градот, кои прбизлегуваа од градот Скопје, како што се Сарај, Кондово и другите општини, не можоа да ги користат бенифициите. При новата територијална поделба тогаш беше донесен закон за поделба на имотот помоѓу Републиката и локалната самоуправа и помеѓу старите лопштини и новосоздадените општини. Но, тој закон никогаш не беше во функција, односно не се реализираа одредбите од тој закон. Една од одродбите за тој закон зборуваше дека јавните претпријатија, кои што беа во тоа време на ниво на град Скопје, не можат да се поделат, односно не се предмет на поделба. Што значи, сите тие новосоздадени општини, кој порано ги користеа, односно услугите на тие претпријатија немаа можност да учествуваат во поделбата на тие претпријатија. Од друга страна, со друга одредба од законот беше кажано дека односите на новосоздадените општини од постојните општини ќе бидат рогулирани со посебен договор кој и ден донес не функционира.

Што зборува реалноста. Реалноста зборува дека денеска во сите новосоздадени општини од бившите општии на град Скопје, проблемот со водоснабдувањето е критична. Но, за жал, до дон деноска и Минисгерството за финансии не најдо за сходно да најде начин како што тоа веќе се прави со овие два кродита, да ги вклучи тие бивши општини во овој проект со овие исклучително поволни услови. Уште повоќе, кредитот ќе го користат, односно ќе го реализираат одредени јавни претпријатија, како што беше комуналии во другиот закон и кај што јавноста беше запозната со проблемот околу тие јавни претпријатија, затоа што и сопственоста не е докрај дефинирана, а тие ќе бидат кои ќе ги користат овие исклучително поволни кредити за подобрување на водоснабдувањето.

Се прашувам. Дали навистина и понатаму ќе ни функционираат вака законите, односно градот Скопје ќе биде ангажиран само за тесното градско подрачје, односно за подобрување на водоснабдувањето на градот а да изостанат случаите, да речеме, од новосоздадените општини како што се општина Сарај, општина Арачиново, каде што проблемот со водоснабдување е критична. Проблемот е уште поголем, реков, јас не би можел да се сложам со ситуацијата во која гарант за овој кредит ќе бидат Министерството за финансии, а корисници преку Градското Собрание, односно градот Скопје, а реализацијата ќе биде преку овие јавни претпријатија, кои до ден денеска, односно и порано, не најдоа за сходно да ги реализираат обврските од тој закон и да ги уредуваат односите со новосоздадените општини и да се грижат, не како законска основа и за проблемите за новосоздадените општини.

Спрема тоа, мислам дека ова е само една добра шанса за претседателот на Градот Скопје, господинот Ристо Пенов кој, незнам по која линија најдоа добар јазик со министерот за финансии, да дефинитивно гарантира уште два мандата како претседател на град Скопје, со тоа што грејс периодот е, ако добро се сеќавам 10 години, а тоа е доволно да тој истера два мандата 6ез обврска да може да ги врати овие средства. Ефектите и потребите се знае каде се за водоснабдување, дали се тоа во градот Скопје или во новосоздадените општини кои и така тешко функционираат. Мислам дека Министерството за финансии требаше да води пвоеќе сметка за реалните потреби каде навистина денеска, кои се критичните места, кои имаат потреба за водоснабдување и комуналии. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам. Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Продолжуваме по точка 6 од дневниот ред.

Предлог за донесување на закон за вложување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој ИДА по Договорот за кредит за проектот за развој на општините и културата, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви со доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Продлог за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по оваа точка.

Продолжуваме по точка 7 од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој ИДА по Договорот за кредит за проект за развој за деца и младинци, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собраниото ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Минуваме на точка 8.

Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со кредит кај Европската инвестициона банка по финансискиот договор за глобално финансирање на мали и средни претпријатија и инфраструктурни проекти од локалната самоуправа во износ од 20 милиони евра со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно пфделени.

Отворам претрес по Предлог за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и продолжуваме по точка девет.

Предлог за донесување на закон за изменување на закон за изменување и дополнување на Законот за осигурување со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлог на законог ви се доставени.

Отворам претрес по предлог за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и продолжуме со работа по точката 11 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за игри на среќа и за забавни игри со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по Предлог за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и продолжуваме понатаму по точка 12 од усвоениот дневен ред.

Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за трансформација на Заводот за платен промет со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот ви е доставен.

Отворам претрес по Предлог за донесување на законот.

Молам кој бара збор? - За збор се јави заменик министерот.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

По претходниот закон за игри на среќа имаме амандмани. Требаше

да бидат дистрибуирани на службата беа дадени материјалите. **ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да го заклучиме општиот претрес, кога ќе дојде да раправаме по материјалниот дел амандманот ќе се разгледа. Благодарам.

Значи ова беше процедурална ваша интервенција. Благодарам.

Кој бара збор?

Бидејќи никој не се јавува за збор, го заклучувам претресот и продоллѕуваме со работа по точка 13-та - Предлог за донесување на закон за преземање на акционерски друштва со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлог на законот ви е доставен.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и продолжуваме со 14-та точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за девизно работење со Предлог на закон.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по овој Закон и продолжуваме по 15-та точка.

Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за данок на финансиски трансакции, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлог за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и продолжуваме понатаму по точка 16 од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменуваше на Законот за начинот и постапката на исплатување на депонираните девизни влогови на граѓаните по кои гарант е РМ, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот Ви е доставен односно поделен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и продолжуваме по точка 17.

Предлог за донесуваве на закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлог на законот ви е доставен.

Отворам претрес по Предлог за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и продолжуваме по 18-та точка од дневниот ред.

Предлог за донесување на закон за лизинг, со Предлог на закон.

Предлогот за донесуваше на законот со предлог на Законот ви е доставен.

Отворам претрес по Предлог за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и продолжуваме со 19-та точка од дневниот ред.

Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за државните службеници, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и продолжуваме со 20-та точка од дневниот ред.

Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и продолжуваме со работа по 21-та точка од дневниот ред.

Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и продолжуваме со 22-та точка од дневниот ред.

Предлог за донесување на законот за изменување и дополнување

на законот за изменување и дополнување на Царинскиот закон, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на зконот, со Предлог на законот ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и продолжуваме со 23-та точка од дневниот ред.

Предлог за донесуваше на закон за дополнување на Законот за зактита на лични податоци, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:**

Почитуван потпретседателе, драги колеги, обидот во овој закон да се уфрли само една реченица и со тоа да решат некои работи мислам дека е недоволен и практично нема да реши ниеден проблем туку ќе направи многу повеќе нови проблеми односно ќе биде шанса за злоупотреба од страна на сите активни учесници во целиот овој процес. Во законот се предвидува само додавањето на една реченица која вика: со употреба на заштитетни со криптографски методи да се решат сите работи и практично да укаже со тоа ако нема читливост при преносот се ќе се реши. Мислам дека овде и врз база на, ова имам дадено еден амандман. Практично ништо не се решава ако податоците се читливи не значи дека податоците се разбирливи и тука не се прави динстикција меѓу тие поими, читливи и разбирлив) поим. Може при преносот да постои збор што означува што се вика чоколадо а тоа да не значи чоколадо да значи нешто друго.

Затоа мора да пстои посебна дистинкција меѓу поимите читлив и разбирлив што овој закон не ги нуди. Потоа во информатичката

технологија криптографските методи не се таков чест употребуван термин туку постојат криптографски правила за криптографска заштита. Мислам дека обидот да се уфрли само една реченица во сето ова нема да биде доволен и од еден друг аспект. Искуствата во повеќето држави велат дека постои посебно владино тело или посебна агенција која се грижи за дефинирање на овие методи за криптографска заштита како што се вели во законот и тие методи различно се дефинирани во секоја држава. Некоја држава ги менува на една недела, на две недели на еден месец и сл. Таква агенција мора да постои која ќе биде формирана од Владата која ќе се грижи за коректност на извршениот пренос со соодветни криптографски методи. Затоа сметам дека овој обид да се дополни само еден член нема ништо да донесе туку може само да направи додатни проблеми и мислам дека треба да се доразработи повторно да се стави на разгледување. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и продолжуваме по 24-та точка од дневниот ред.

Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за заштита на потрошувачите, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлог на законот ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и продолжуваме по 25-та точка.

Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за телекомуникациите, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот на и извештајот Комисијата за сообраќај и врски ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор? - Г. Јани.

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:**

Почитуван потпретседателе, се извинувам дали постои претставник на Владата, од Министерството за транспорт и врски за овој закон.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас претпоставив дека има, ако нема ... - Г. Петар Дуљанов.

**ЈАНИ МА.КРАДУЛИ:**

Добро, јас незнам колку ќе се разбереме и ќе се сватиме, но ќе се обидам да кажам нешто.

Можеби кога го составувавме дневниот ред на оваа седница во 101 точка некако и претседателот на Собранието што ја водеше седницата малку го измеша редоследот на точките бидејќи повеќето точки се повикуваат на Законот за лични податоци и електронски облик кој е некаде последен од тој предлог, иако предлогот што дојде од Владата беше тоа да биде прв на разгледување и затоа неколкуте закони се однесуваат на измени на Законот за електронски потпис и електронски податоци па ќе зборувам малку и поопшто за сите нив.

Брзиот технолошки развој во областите на информатичката технологија како што и наведува предлагачот не принудува да менуваме многу навики во нашиот живот. Електронската комерција , или тргување или интернет банкарство како што тоа го вика предлагачот е една од нив. Електронското тргување нуди многу предности како на економски така и на социјален план. На овој начин се нудат нови пазари за бизнис, намалување на трошоците на фирмите, вработувања на нови луѓе, посебно во малите и средни претпријатија, концепт и тренд кој станува се поактивен во нашиот сеојдневен живот а за тоа ќе посочам и неколку бројки.

Во 2001 година, во Европа обртот во електронската трговија изнесува 17 милијарди евра а во 2003 се очекува обрт од 340 милијарди евра. Ваквиот концепт е шанса за брз економски развој и нуди можност за поголемо пазафи со еднакви шанси за сите, за изедначување на шансите и помалку развиените земји. Во електронскиот свет популарно се вели дека големината на една земја не игра улога. И ваквиот начин на трговија е шанса за земја со капацитетикаква што е нашата. Затоа воведувањето на законска основа за остварување на електронската трговија е неопходна и апсолутно треба да се прифати. Сепак сметам дека за прилагодување на нашите закони со постоечките директиви од ЕУ на кој се повикува предлагачот мора да се изготви посебен закон кој ќе ги регулира сите аспекти на оваа проблематика, за разлика од тоа нас ни се нудат додавки во неколку закони при тоа секое министерство во своите предлози употребува сопствени термини за исти елементи од потребната инфраструктура за реализирање на електронската трговија и на тој начин имаме шареноликост во термините помеѓу министерствата и не се усогласени со термините кои постојат во Законот за телекомуникација на пример кој е веќе усвоен.

Немајќи единствен системски закон кој ќе ги постави темелите на оваа проблематика постои шанса за злоупотреба од страна на сите учесници во концептот наречен електронска трговија. Сите измени се повикуваат на Законот за податоци во електронски облик и електронски потпис кои се дел од системот за електронски трговија но сепак само дел.

Можната шанса за злоупотреба ја гледам од два аспекти.

Прво, форматот на електронскиот потпис е сеуште недефиниран. Моментално ситуацијата е следнава. Министерството за финансии ги пушти софтверските компании што ги изработуваат софтверите, практично тие да го издигтираат како ќе изгледа форматот на" електронскиот потпис и тие да го дадат предлогот наспроти еден концепт што ќе биде претходно раз-работен повикувајќи се на сите искуства, повикувајќи се на искуствата од електротехничкиот факултет на пр. кои можат да понудат коректно решение во сето тоа а вака се оставени фирмите да им понудат на Министерството решение.

Второ, не е дефинирана улогата а пред се одговорноста на давателот на услуги согласно нашиот Закон за телекомуникации или она што сите го разбираме сервис провајдерот. Така, немајќи јасни ограничувања и сервес провајдерот може да врши мониторирање или екстракција на електронските податоци. Во предлогот во Законот за измени на Законот за телекомуникации само се заштитува сервис провајдерот од пренос на несакани податоци и тој не е крив за сето тоа. Но, тука не е опфатен проблемот кој ќе ги заштити корисниците од страна на сервиспровајдерите.

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:** (продолжение)

Бидејќи, кога еден клиент сака да земе една сметка или да направи сметка преку банка никој не му гарантира дека тие податоци нема сервиспроекторот да му ги екстрахира и тие да отидат лево или десно или да се чуваат во базата. Искуствата од повеќе држави велат тоа што го кажав и пред малку дека постоењето на една посебна владина Агенција, неопходно за регулирање на сите елементи. Примерите на САД или поблиску ако сакате Словенија и Хрватска велат дека посебна Агенција треба да постои кој ќе ги регулира овие работи и посебна Агенција кој ќе ги дефинира и ќе укажува кои се тие критериуми или Минимален степен за заштита што мора да биде обезбеден. Затоа истакнувам дека неопходноста на донесување на еден таков закон системски е повеќе од потребна и итна, директивите на ЕУ велат дека земјите членки треба да се приклучат на 17 јануари 2002, мислам дека ние не треба да брзаме и може тоа да се разработи и можеме само да понудиме помош како електротехнички факултет во изготвувањето на сето тоа.

Покрај тоа, Предлогот на законот мислам дека трите члена што се нудат е конфузен, преводот е некоректен, тоа се три директиви од ЕУ, преводот е некоректен, вториот член што се нуди 7-б тој посебно е конфузен и недефиниран, така да, имам еден-амандман но мислам дека системското нерешавање на проблемот ќе биде поцелисходно. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам на г. Макрадули. Молам кој бара збор. - Илија Илоски, повелете.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувнаи колеги пратеници. После овие исцрпни излагања на колегата Макрадули, дозволете нешто да ви посочам, како заклучок што беше на Комисијата за сообраќај и врски, бидејќи незнам зошто до денес, до самиот чин на расправа по овој закон не е поделен помеѓу пратениците заклучокот на матичната комисија која го разгледуваше овој закон и оваа планина од 100 и кусур закони што ги разгледуваме денес, единствено Комисијата за сообраќај и врски најде за сходно да се сретне и да поразговара во врска со предложениот законски текст.

Сакам да ве потсетам дека после кратка расправа во рамките на Комисијата, ние донесовме заклучок и го овластивме претседателот на Комисијата, г. Спанчески Крале да даде овде едно образложение и да им посочи на предлагачите да го повлечат овој законски текст а бидејќи јас не го добив, а незнам дали вие го добивте тој заклучок во писмена форма сакам да ви посочан од кои причини баравме законот да се повлече. Ниту еден член од Комисијата апсолутно терминолошки не можеше да разбере зошто се работи. Значи се работеше или за лош превод, или за лоша интерпретација на предлагачот и настана една мала конфузија помегу двајцата предлагачи т.е. двајцата предлагачи на Министерството за финансии и преставникот на Министерството за сообраќај и врски. Тогаш на неколку забелешки од пратениците членови на Комисијата ние посочивме дека навистина текстот е комплетно неразбирлив и незнаеме на што се однесува измените во членот 7-а, 7-б и 7-в. Тогаш беше даден одговор сега не се сеќавам добро дали од преставникот на Министерството за финансии или од претставникот на Министерството за сообраќај и врски образложение дека навистина се работи за лош превод кои за нив, на некој начин не е разбирлив и не е прифатлив, а согласно тоа по мое длабоко убедување нема теоретска шанса тоа да се практицира утре, или некој ако предлагачот самиот не го разбира законот како таков што го нуди, некој недај боже утре со некоја леснотија да го спроведува во пракса. Од тие причини ние донесовме заклучок да се посочи пред Министерството за сообраќај и врски и пред Министерството за финансии или да се подобри преводот бидејќи беше зачудувачки зошто е така тоа направено, да се повлече комплетниот закон и комплетно нов законски текст со нови измени да ни се понуди. Тоа го барам од проста причина и она го спомна г. Макрадули во претходното излагање дека сепак ова е базичниот закон кој имплицира промени кај 5-6, подзаконски текстови, како законот за банки, законот за измена на законот за царини, законот за заштита на податоци кај електронскиот потпис итн. Па затоа мислам

дека ако е ова истиот текст што денес ни се нуди, како оној што го разгледувавме на Комисијата, а гледам дека е истиот и не го разбираме докрај треба да се повлече и во координација помеѓу двете ресорни министерства да се подобри текстот и барем уште еднаш да се упати до Комисијата да го разгледува. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ќе добиете заменик министер збор. Колега Илоски, извештај има поделено. Па, ја незнам гледам дека има, се согласила Владата за усогласување на текстот а не за повлекување на истото.

Г. министер повелете.

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:**

Овие заклучоци кроз форма на амандман се дадени, се вградени и усогласени со законот. Сите овие забелешки кои беа дадени.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Добро. Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМЕНИ:**

Г-дине потпретседателе, јас во функција на тоа што го кажа г. Илоски, ако веќе е извршена корекција на текстот на законот кој беше понуден пред Комисијата за која мислам членовите на Комисијата се изјаснија дека не е од ниво кој што може да биде од законска норма, ако веќе има, тогаш јас се повлекувам со оглед дека ќе видиме со другиот.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, овдека расправаме за една работа која што може принципиелно навистина да се подели и има аргументи кои што држат и за едната и за другиот приод. Имено, колегата Макрадули ја спомна идејата или насочи на некој начин дека постојат институции во државата кои што се стручни и кои што можат квалитетно да придонесат за изградба на еден закон. Арно ама, постојат два пристапи кон решаваше на ова. Едниот пристап е да сега да ги викниме институциите кои што навистина се стручни и тука покрај спомнатиот електротехнички факултет јас ќе го спомнам и природно математичкиот факултет каде што исто така има информатичари, кои што исто така можат да придонесат кон оваа работа, значи, тоа е едниот пристап, па сега ние да ги викаме нив, да се состануваат, да работата итн., и после некое време да се формира закон кој што ќе биде контактибилен со европските закони итн. Меѓутоа, другиот пристап кој што може би пред едно десетина месеци или колку беше веќе е стартуван, а тогаш се донесе и закон за електронски потпис и други некои подзаконски акти, практично сега ние не можеме да се вратиме назад. Не можеме ние сега да се враќаме да ги поништиме тие закони само затоа што имаме една идеја за еден по систематски пристап. Тогаш, се тргна кон еден друг приод. Приодот тогаш беше покана на странски експерти, покана на домашни експерти направија закон, имаше расправа и при расправата ако се сеќавате тогаш дадов исто и јас поголем број на забелешки, термините некои не беа добро преведени, не беа усогласени може би со некојаси стандардна терминологија, меѓутоа законот беше донесен. И сега мислам дека нема смисла да се враќаме назад, туку приодот сега што го има Министерството е следниот. Има одредени нови работи, нови работи се случуваат, дали во полето на личните податоци, на заштитата на електронскиот потпис на законот за потрошувачи, било кои други каде што негде може да се допре темата за заштита на лични податоци односно електронска или во телекомуникациите и тој приод денеска сме сведоци дека Министерството ни го дала законот и ние можеме да интервенираме, лично јас ќе го поддржам амандманот од господинот Макрадули. Меѓутоа, сега сме во момент кога со амандмани ќе интервенираме за да го изградиме, не би имало смисла кон комплетно да го поништиме законот. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам. Збор има заменик министер. Дали се јавувате или... Пардон.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и продолжуваме со работа по 26-тата точка од дневвот ред - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за банките со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот Ви е доставен.

Отворам претрес по Предлог за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:**

Добро, во прилог на поткрепа на првиот пристап, ќе прочитам причините под кои што треба да се донесе законот, што ги навела Владата тоа е успешно вклучување, модерни трендови, електронски интернет и банкарство и потреба од институционализирање на електронското банкарство во РМ.

Значи, потребно е, да се институционализира, а најубаво е со системски закони. А тука имаме институционализирање со Предлог дека во точката 4-а се додава дека Банката издава електронски пари. Толку.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам. Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и продолжуваме со работа по точка 27 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување со Предлог на закон.

Предлогот со донесување на законот со Предлог на законот Ви е доставен.

Отворам претрес по предлог за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? Дали овој предлог е покриен со претставник од Владата?

Јас прашав, дали е овој предлог покриен со претставник или не е.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Ве молам, предлагачи се Министерството за финансии и соодветното Министерство за здравство.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Значи, штом има еден од претставниците кои го претставуваат од финансии можеме да работиме.

Молам, кој бара збор? - Госпоѓа Антова.

**МАГДАЛЕНА АНТОВА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, би сакала да кажам дека оваа измена за законот за здравствено осигурување треба да се поздрави, и ние го поздравуваме, меѓутоа со оглед на искуствата од одредени земји во Европа, ова е влезна врата за промена на системот на картата за здравствено осигурување, јас би сакала законодавецот да го замолам со општиот акт, временски да се детерминира кога таа промена со картицата и легитимацијата ќе се изврши во општиот акт. Сугестијата ми е временски да се детерминира со оглед на тоа дека се потребни огромн финансиски средства за да се компјутеризира една обична селска амбуланта а да не зборувам и Клиничкиот центар. И во прилог на тоа би сакала да сепак, да се каже или временски да се детерминира до кој период ќе се направи оваа промена. Толку.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам, ова е во општиот претрес во амандманскиот дел ова веќе е решение таму ќе треба да се бара одговор и согласност за вашето залагање.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и продолжуваме со работа под точката 29-та од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за измена на Законот за податоци во електронски облик и електронски потпис, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот Ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и сега се извинувам колеги пратеници, имам направено превид во вртење на овие предлози. Точката 28 сум ја прескокнал. Затоа ќе направиме една дигресија, сега ќе се вратиме на таа, тоа е Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за трговски друштва, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот Ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на Законот.

Молам, кој бара збор?

**ДАНИЛО ГЛИГОРВСКИ:**

Благодарам потпретседателе, јас ќе го искористам вашиот превид, и сакав да кажам неколку збора промотивно, односно пофално за комплет овој пакет на поголем број на закони, мислев дека ја испуштив приликата, благодарејќи на вашата грешка, ќе ја искористам таа работа.

Значи, за поздравување е иницијативата од Министерството за финансии, конечно една идеја која што можеби е во беше во пет шест години, а потоа како што се развиваат телекомуникациските и електронските работи во светот, односно напредокот технолошки во светот во таа област, мислам дека и ние на некој начин се приближуваме барем од страна на Министерството за финансии, меѓутоа, во соработка се надевам и со другите министерства кон одредени решенија кои што навистина ќе значат полесно работење, дали во здравствената свера, дали во финансиската свера, дали понос на телекомуникациската свера во секој случај воведувањето на прво вакви законски допрецизирања а потоа и конкретно воведување навистина со големо нетрпение ќе чекаме да ги видиме тие електронски лични карти, електронски пари, електронски здравствени книшки, меѓутоа, се надевам дека сето тоа ќе воведе еден своевиден повисок квалитет на живеењето во РМ. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по овој предлог за донесување на закон и продолжуваме сега по 30-тата точка од дневниот ред, Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот на вршење на нотарски работи.

Дали од предлагачите има преставник за овој закон. Добро е.

Предлог за донесување на законот, со Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес за донесување на законот. - Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и продолжуваме натаму по 31-та точка од дневниот ред. - Предлог за донесување на закон за посебните права на припадниците на безбедносните сили на РМ и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлог на законот ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувнаи колеги пратеници, почитувани претставници на Владата, нашата пратеничка група на 12.06. о.г. поднесе предлог за донесување по итна постапка на Законот за материјално обезбедување на членовите на потесните семејства на припадниците на безбедносните структури на РМ, во случај на смрт, повреда и оштетување на организмот, настанати во одбрана на независноста и територијалниот интегритет и суверенитет на РМ.

На ова ни беше одговорено од страна на Владата дека Владата ќе си ја презема обврската, не даде позитивно мислење за нашиот закон, туку си презеде обврска да изготви свој закон, со кој ќе излезе пред Собранието, и овој закон го сметаме за одговор на Владата за претходнио закон. За поздравување е еден ваков закон, било од кого да поттекнува и, апсолутно го поддржуваме во однос на неговата содржина и материјата која регулира. Можеби, а потезите беа неправилни, можеби сепак требаше да го прифатиме овој закон, во почетокот а подоцна да се реагира со еден ваков закон на Владата, бидејќи со тоа ќе се добиеше во време, имено правната празнина која постоеше во областа на обештетување на семејствата на загинатите, блиските на загинатите, на ранетите борци за одбрана на РМ, ќе беше исполнет овој вакум, а денес ќе имавме нов закон кој навистина покажува една поголема ширина во однос на тоа дека се работи за посебните права на припадниците на безбедносните сили, значи, се работи за повеќе права, за повеќе области како што се, здравственото осигурување и други области, во однос на материјалното обезбедување кое го баравме ние во првобитниот закон.

Ако се прифатеше во тој момент овој закон кој го баравме да биде по итна постапка, сепак сметам дека ќе се одвиваше една правна регулатива за тоа време, во меѓувреме можевме да прифатиме и еден ваков закон. Во краен случај сега минатото не може да се врати, сепак членовите на семејстватата загинатите борци во војната во Република Македонија кои незаслужено и немам зборови што да кажам за нивното загинување колку беше потребно и како беше, меѓутоа сепак некој гест на Република Македонија со ваквиот закон да се покаже гест на благодарност кон тие жртви, гест кон тоа дека Република Македонија води сметка за граѓаните кои учествуваа во одбраната на Република Македонија.

Во однос на тоа дека требаше можеби порано, еве тоа е пример членот 12 од веќе предложениот закон на самата Влада за посебни права каде што се вели дека еднократниот паричен надоместок за претрпените душевни болки поради смрт на блиски лица во висина од 40 просечни плати остварени во Република Македонија во месецот кога настапила смртта на припадникот на безбедносните сили, може да се оствари во тековниот месец, нешто што семејствата на тие загинати припадници на безбедносните сили ќе можеа да го користат во сите овие 6 месеци, 5 месеци кога ние го предложивме законот, меѓутоа еве тие 5 месеци не можеа да користат такви привилегии во оваа мера во која е предвидена со овој закон. Сметам дека сепак се работи можеби за едно касно доаѓање на правдата во моментот можеби требаше сепак ова да го направиме порано. Овој закон е уште еден аргумент дека ние како Парламент за безбедносните ситуации во Република Македонија и состојбите со загинатите, со повредените, со нивните права, ние како Парламент требаше да расправаме во периодот кога не расправавме. Еве уште еден аргумент што испуштивме како Парламент додека траеше безбедносната криза. И додека одредени структури во Република Македонија ја блокираа работата на Парламентот институционално да се решаваат прашањата во Република Македонија, барем ваквите прашања ќе можевме како Парламент да ги дискутираме и да ги решаваме кои беа и те како актуелни во Република Македонија посебно за време на оваа несакана војна во Република Македонија.

Јас овие денови некаде во јавноста, прочитав, размислувања, или реакција на група луѓе кои се исто така жртви на една војна од која можеби е и последица оваа последната војна, односно војната на распадот на бившата СФРЈ, односно размислување за сите настрадани, ранети, воени инвалиди кои настрадале во сите војни, служејќи во тогашната ЈНА лојално и онакако како што им доликува на граѓаните и се здобиле со инвалидност, психички трауми и слично. Сметам дека и нивните барања се оправдани. Ние имавме амадман, конкретно јас имав амандман во Законот за здравствено осигурување каде што е покриено нивното здравствено осигурување и осигурувањето на загинатите војници од бившите југословенски простори во Законот за здравствено осигурување. Значи таму го покривме здравственото осигурување на тие загинати војници од војната во бившата СФРЈ, на македонските војници. Меѓутоа, сметам дека треба Владата, тоа е моја сугестија, дека Владата треба да размисли како во овој закон да се надополнат и правата и на тие луѓе кои како лојални граѓани на Република Македонија учествуваат во таа војна не по своја вина. И сметам дека во иднина треба да очекуваме законски проект на Владата, или можеби треба да размислиме група на пратеници, сепак и тие луѓе да ги вметнеме во посебните права каде ќе ги дефинираме нивните права како граѓани освен што се вметнати загинатите војници во Законот за здравствено осигурување, во однос и на

другите права на тие војници кои служеле во тогашната армија на СФРЈ, а сега се исто така граѓани на Република Македонија. Јас знам примери од праксата дека некои од нив покрај војната на тогашните простори, сепак учествуваа и во мобилизацијата и во овие воени дејствија во Република Македонија. Како и да е, ние сме за овој закон, го поздравуваме неговото донесување со сите, еве да речеме и недостатоци што можат да се појават од него. Сметаме дека е добро што конечно се донесува,

сметаме дека ќе беше подобро да се реагираше во моментот кога ние дадовме предлог, меѓутоа и овој задоцнет предлог го поздравуваме и сметаме дека треба сите пратеници до еден во Собранието да го поддржат овој законски проект, а сите недостатоци што ќе се јават во текот на согледувањето на неговата законска примена да ги отстрануваме и да ги надополнуваме за овие граѓани на Република Македонија и иако не можеме да ја надокнадиме болката за загинатите граѓани на Република Македонија, за ранетите и инвалидизирани граѓани, сепак на овој начин ќе покажеме дека Република Македонија води сметка за своите граѓани, за своите бранители и дека од овој момент ќе бара начин и подобро да ги заштити и да ги даде правата на тие луѓе кои учествуваа во овие воени дејствија без нивна вина.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ќе се даде предлог законот да има ретроактивно дејство и да ги опфати тие луѓе.

Има збор господинот Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, денеска расправаме за еден закон за кој што би сакал и јас да кажам неколку збора. Првата работа на која што би сакал да обрнам внимание е тоа кои се потписниците или предлагачите. Владата како целина, меѓутоа тоа се министрите Љубе Бошковски, Владо Бучковски и Никола Груевски. Тоа сепак, барем за мене говори нешто, а тоа говори дека сепак во Владата на Република Македонија, а мислам дека и меѓу сите нас пратениците овде навистина постои размисла за достојна почит кон оние бранители на Република Македонија кои што во изминатиот период ги положиле своите животи. Знаеме колку беше мачно и тешко кога слушавме од ден на ден за жртвите, не можевме нешто многу да направиме и најмалото нешто што може да се направи за семејствата на тие луѓе е да се донесе овој закон. Мислам дека навистина имаме морална обврска да го донесеме. И повеќе не би должел, меѓутоа не толку за колегите овде, туку колку за јавноста би сакал да кажам на што се однесува овој закон, односно кои делови на некој начин ги покрива. Значи регулира посебни права на припадниците на безбедносните сили и членовите на нивните семејства и тоа при ослободување од учество со лични средства при користење на здравствени услуги, потоа некои бенифиции при вработувањето, бенифиции за станови под закуп, добивање на станови под закуп, бенефицијата на еднократниот паричен надоместок и исто така се регулираат и одредени права во образованието, имено децата на тие паднати припадници на безбедносните сили да имаат предност при запишувањето во државните училишта. Значи, како сублимат повеќе велам за јавноста отколу за нас тука колегите, вие го имате добиено законот, ги кажав овие работи и мислам дека ова беше и уште пред неколку месеци мислам дека и заложба колку што се сеќавам и на премиерот Љубчо Георгиевски, кој што рече дека ќе ја регулираме оваа област и ќе донесеме закон во врска со тоа. Еве, денеска се наоѓаме во една расправа во врска со овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Благој Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, мислам дека на сите ни е познато и јасно дека оваа војна никој во Република Македонија не ја посакуваше. Ние и како држава и како политички субјекти, како граѓани направивме се да не дојде до најлошото, да проговори оружјето, да не дојде до нарушување на територијалниот интегритет и суверенитет на Република Македонија. Меѓутоа, се случи најлошото, отпочна војната, се наруши територијалниот интегритет и суверенитет на земјата и во првите борбени линии на одбраната на територијалниот суверенитет и интегритет на земјата застанаа припадниците на безбедносните сили на Република Македонија од регуларните резервните и специјалните единици на Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи. За жал во текот на тие крвави борби претрпевме и големи жртви како држава и посебно семејствата кои што ги изгубија најблиските и нивните деца, останаа голем број на сирачиња, проблематика која што со досегашната регулатива од гледна точка на обезбедување на нивните посебни социјални и други права не беше регулирана со оглед на тоа што со постојниот закон се регулирани само посебните права на воените инвалиди. Затоа најмалку што можеме да направиме како пратеници е да му дадеме поддршка на овој посебен закон, на овој закон за заштита на посебните права на припадниците на безбедносните сили и како што стои во законот за прв пат и за припадниците на нивните семејства. И затоа даваме целосна поддршка на законот, сметајќи дека најмалку што можеме да направиме е да ги

обезбедиме во толкава мера доколку што може оваа држава во овој период, а во наредниот период и во поголема мера нивните посебни социјални и други права.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Јас сакам само да кажам, сметајќи дека законот е од едно заедничко значење и од консензуален интерес на сите партии во Парламентот и вон Парламентот, не сакав да го сведам на тоа, предлагачи и непредлагачи, меѓутоа за да му одговорам на Данило Глигоровски на тоа дека сепак предлагачи биле тие тројцата, ќе му кажам дека во собраниска процедура законот на пратеничката група на ВМРО Вистинска е даден на 12.06.2001 година. Два месеца и 10 дена подоцна на 15.08.2001 година е даден овој закон на Владата. И мојата интенција беше во смисол дека сепак не требаше да се губи толку драгоцено време, сепак требаше да се донесе еден ваков закон побрзо, побрзо да се реагира, односно да не се оди на тоа кој го дал и кој го предложил. Сметам дека повеќе треба да зборуваме за содржината на законот. А во однос на тоа дека ретроградно ќе важи законот, воопшто не е спорно тоа што го кажа потпретседателот на Собранието. Моето размислување беше дека сепак требаше побрзо да реагираме, да имаат време некои од бенифициите многу порано да ги користат семејствата на загинатите и на инвалидизираните припадници во Република Македонија, со што сметам дека сите ќе се сложиме дека ќе беше многу попозитивна ситуација во моментите кога најповеќе им беа потребни средства на тие фамилии.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани колеги, почитувани претставници на Владата, ставот на пратеничката група на СДСМ за овој закон е позитивен и тој беше изнесен од нашиот колега Ханџиски. Тоа значи дека ние за законот ќе се изјасниме позитивно. Меѓутоа, уште во оваа фаза од донесување на законот сакаме да упатиме предлог до Владата на Република Македонија да размисли за следново. Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и за членовите на нивните семејства не е закон со еднократно значење. Од тој закон произлегиваат дејствија сега, ќе произлегуваат во евентуални идни ситуации во кои би се нашле припадниците во непознати ситуации. Меѓутоа, она што е најбитно, правата за нивните семејства, или правата за припадниците на овие сили кои останале повредени, или инвалидизирани ќе произлегуваат до крајот на нивниот живот, односно до исполнување на некои услови кои законот во овој момент ги предвидува.

Од консултациите кои ги имавме и од споредувањето на законот со некои други закони кои ги тангираат ваквите проблеми, особено во делот на образованието, здравството, условите за пензионирање, условите за станување и домување итн, цениме дека е потрдбна малку подобра анализа да се направи за да се споредат сите овие права кои што произлегуваат од сите закони и евентуално да се размисли какви измени кои очигледно *ќе* следат во делот на амандманската расправа би се направиле во врска со законот. За да се избегне ова, а имајќи во предвид дека ништо од овој закон не е од итна природа, затоа што одлагање од еден месец во втора фаза кога би го гледал Парламентот, би бил само подобар закон кој би важел доживотно за сите овие луѓе на долг рок би се проведувал. Цениме дека е подобро, а ова го зборувам и во комуникација за да не се свати дека сакаме некакво одложување, туку напротив и во комуникација и консултација токму со членовите на семејствата на овие луѓе кои контактираат претпоставувам и со другите координатори на пратенички групи, нивното здружение, цениме дека е добро да се размисли од страна на Владата дали не е добро сите забелешки да се земат во предвид по предлогот за донесување на закон и после Владата во уште една процедура во уште еден круг на свои консултации да го разгледа на Владата, да ги спореди повторно сите забелешки од различни ресорни министерства, особено од ресорите кои покриваат здравство, станување, пензионирање, социјална заштита и образование, да ги конкретизира, да ги усогласи и да ги предложи на наредна седница во втора фаза, а сега само овие забелешки да се приберат. Ова го кажуваме со цел да не се донесе закон во кој ќе има неколку празнини, или така наречени правни дупки, неусогласеност со другите закони кои ја покриваат таа проблематика и после во спроведувањето да се јави проблем. Имаме предвид, ќе повторам дека ваквниот закон ќе биде на долг рок применет, ќе важи доживотно за членови на семејства, или за припадниците кои се повредени и тоа значи дека треба во една многу посмирена атмосфера без никакво брзање да го донесеме законот. Јас би апелирал до Министерството, односно до Владата на Република Македонија со сите забелешки кои произлегуваат и од парламентарната расправа и од заинтересираните луѓе за овој закон да ги собере уште еднаш, да ги усогласи и да ни го предложи на наредната седница во конечна фаза, а сите забелешки што ние ги имаме да ги доставиме до нив со цел да биде поефикасен. Инаку и во таа фаза се разбира ние ќе го поддржиме законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, се исцрпи расправата по овој

закон и се разбира се работи за доста значаен закон. Јас ги поздравувам претставниците на Владата што се решија да донесат ваков закон од причина што секогаш кога се работи за материјално обештетување како можеби впрочем и другите држави, ама ми се чини особено Република Македонија доцнела на тој план. Сега е сепак можам да кажам правовремено носењето на овој закон, а можеби ќе се согласам со забелешките дека во еден дел од законот има некои правни недоречености кои ќе претставуваат предмет на различни толкувања. Така што би било добро ако веќе се решиме законот да оди на оваа седница, да се потполнат амандмански.

Меѓутоа повеќе се јавив за збор за да сепак ги потсетам претставниците на Владата, а тоа е Министерството за финансии, меѓутоа повеќе и Министерството за труд и социјала за еден друг закон кој што веќе 10 години чека да биде донесен во процедура во ова Собрание, тоа е наша уставна обврска со членот 39 од постојниот Устав, не знам дали ќе се промени тој член или ќе остане ист, не сум го видела новиот текст, Законот за материјално обештетување на сите оние кои што практично работеле на создавањето на независна и самостојна држава Република Македонија. Ќе потсетам дека се работи за голем број на стари и изнемоштени лица кои не користат никакви дополнувања на пензијата доколку се уживатели на старосна пензија, не користат ниту членовите на нивните семејства, а добар дел на луѓе и не доживеаја за жал да бидат рехабилитирани од страна на ова Собрание, односно сите. Така што сметам дека се работи за сериозна обврска на Владата и на ова Собрание и би било добро токму овој пратенички состав да го изгласа тој закон кој што би бил закон за рехабилитација на овие луѓе и воедно закон за посебно нивно материјално обештетување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Минуваме на точка 32 - Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот помеѓу Република Македонија и Република Чешка за поттикнување и взаемна заштита на инвестициите, со Предлог на закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Преминуваме на точката 33 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Романија за поттикнување и взаемна заштита на инвестиции, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Минуваме на точката 34 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Исламската Република Иран за взаемно унапредување и заштита на инвестициите, со Предлог на законот.

Предлогот за донесување на законот и Предлогот на законот, како и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Минуваме на точката 35 - Предлог за донесвување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Финска за поттикнување и заштита на инвестиции, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон како и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Минуваме на точката 36 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за поттикнување и заштита на инвестиции меѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Минуваме на точката 37 - Предлог за донесување на закон за ратификација на

Договорот меѓу Република Македонија и Република Австрија за поттикнување и заштита на инвестиции, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Минуваме на точката 38 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Романија за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Минуваме на точката 39 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Република Македонија и Чешката Република за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискалната евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон и Предлогот на законот ви е доставен.

Отвворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Минуваме на точката 40 - Предлог за донесвување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Исламската Република Иран за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Минуваме на точката 41 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Финска за одбегнување на двојното оданочување по однос на даноците од доход, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени. Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Минуваме на точката 42 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за соработка во областа на стандардизација, метеорологија и акредитација и оцена на сообразноста, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлог на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени,

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон. Оваа точка ќе ја одложиме најмалку за еден час затоа што немаме претставник на Владата.

Исто така сите точки до точката 97 ја имаат истата судбина. Значи по наредните точки ќе продолжиме во 14,30 часот, откако ќе дојдат претставниците на Текстот на законот и дописот на претседателот на Републиката ви се доставени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? - Има збор господинот Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван господине претседателе, дами и господа пратеници, ова е закон кој оди по втор пат во собраниска процедура затоа што на Собранието помина Законот за пратеници, го изгласавме, но Указот не го потпиша претседателот на државата и затоа го врати во повторна постапка како што е утврдено со Уставот. Значи законот оди на повторно разгледување во рок од шест месеци.

Овој закон е закон за пратеници и мислам дека фали во овој момент закон за пратеници затоа што се најавуваат и предвремени избори. Оваа материја требаше да се изрегулира многу порано затоа што стои едно прашање отворено, сите коментираат дека во државата има неред, а мислам дека најдобро е целата работа да се среди и да има ред во Парламентот. Многумина коментираат дека овој закон се носи од лични побуди, од лични интереси, но не е токму така. Искуството покажува

друго. Во изминатите години ако не се случеше она што се случи со измената на Уставот, гледаме дека сега Парламентот може да работи и без кворум, бевме во таква ситуација многу седници да ни пропаѓаат затоа што ја немавме фамозната бројка 61. Од тие причини беше и овој предлог-закон, да се изрегулира статусот на пратениците.

Овој закон кој носи повеќе новини и многу рационални решенија не само што ќе има карактер на задолжителност, туку е и обврзувачки. Значи, функцијата пратеник ќе се врши професионално, тоа е члнот 4. Зиачи сите пратеници во идниот состав функцијата пратеник ќе ја обавуваат професионално.

Во овој период од десетгодишно живеење на парламентарната сцена имавме една недефинирана работа затоа што многуте законски одредби и многуте укажувања за работата и делувањето на пратениците беа дадени во повеќе подзаконски и законски проекти, така да дел беше регулирано со Уставот, дел беше регулирано преку Комисијата за избори и именувања и други подзаконски акти, како што беше, за жал никогаш не заживеа Деловникот за работа на Собранието. Од тие причини се носеше со идеја да се кодифицира оваа материја и да се стави во употреба како што личи во сите европски парламенти.

За ова, бидејќи имавме доста време, укажување од претседателот на државата, дали тоа беше момент каде што требаше да направи некој маркетинг, но го испративме овој предлог на закон на експертиза и имавме укажувања од многу релевантни институции, така да и јас сум помогнал многу контакти со многу истакнати членови, оние што правевме закон за пратеници, имавме контакти со госпоѓа Фиџерал од Ирскиот Парламент, доаѓаа и го гледаа законот. Не е тоа што некој сака да го наметне дека законот за пратеници не треба да се носи, дека има бенифиции. Напротив, некој сака да избегне од тоа законот за пратеници да го нема за да може така да работат пратениците, за да може да бидат и во два-три управни одбори, да зимаат плата од две-три места, да доаѓаат на работа кога ќе сакаат, бидејќи тоа се најголемите бенифиции на пратениците.

Како што е регулирано во сите европски парламенти доаѓањето на пратениците ќе биде регулирано со казнени одредби. Казнените одредби ќе бидат донесени по изгласувањето на законот за пратеници во рок од 60 дена. Казнените одредби ќе бидат сигурно содржани и во Деловникот, но ќе одат со посебен закон со тоа што редовноста извршувањето и професионалноста ќе се цени. Во многу парламенти каде што не може да има контрола над пратениците се оди да се казнат пратеничките групи. Ние во Македонија имаме искуство политичките партии да не се финансираат од државата, иако се направија некои напори. Во многу европски држави политичките партии се финансираат и директно доаѓа пратеничките групи кои се застапени во Парламентот да бидат санкционирани и директно казнети за неприсуство на пратениците со тоа што пратеничката група оди од месец во месец и доаѓа да плаќа казнени пенали, така да на крајот на тековната година може да се случи за неучеството и нередовноста на пратениците целата пратеничка група да биде казнета и да не може да си го оствари буџетот што ја следува.

Кога станува збор за права и должности тоа беа моите начелни укажувања.

Инаку, новина што треба да донесе овој закон е тоа што пратениците треба да се рзаликуваат од она што значи технички персонал во Собранието, технички персонал во зградата. За тоа се предлага пратениците како во многу парламенти светски и европски да се носи беџ, да се разликуваат. Уредено е како ќе се носи беџот, во кои прилики и во кои услови.

Друга новина е пратениците при своето доаѓање на функција за пратеник да положат заклетва, што до денес го немаме.

Понатаму, друга новина е пратениците да даваат изјава за имотната состојба на почетокот на својот мандат и на завршетокот на својот мандат. Да дадат за имотната состојба за себе и за своите најблиски од прво колено на род и фамилија. Она што најмногу ги испровоцира и новинарите и јавноста беше за бенифициите на пратениците. Она што носи како бенефиција, тоа е да се усогласи со Законот за пензии во Република Македонија, со Законот за труд и социјална политика, го врзавме членот 37 со 25 години стаж и 55 години живот.

За информирање на јавноста и реалноста од првиот состав на Парламентот има околу 25 пратеници на кои не им е регулиран статусот за вработување. Значи, тие или ќе бидат најбенифицираните луѓе во државата, но секаде во светот тоа е така, она што сака секој да проба има шанса да проба, да се кандидира за пратеник, нека оди на избори. Тоа е пратеникот да не биде независен од својата политичка партија. Најголема опструкција на пратеникот доаѓа од сопствените редови. Ова се покажа и за гласањето на Уставот затоа што иако сите него чувствуваат тоа како потреба, но мора да го изгласаат затоа што немаат сигурност. По престанокот на мандатот на пратеникот тој буквално останува на местото каде што работел или останува на Бирото за вработување. Имаме ние наши колеги од првиот состав, повеќето од нив се членови на СДСМ кои се жалеа дека нема разбирање во нивната партија, на улица се, буквално се на улица, многу има починато пратеници знаејќи како ќе оди, ако овој закон и законот за избор на пратеници, ако се избира, а ќе се менува сигурно моделот. Се заговара идниот Парламент да биде една изборна единица и чист пропорционален систем, модел. Кога ќе биде пропорционален модел тоа значи како што е редот по редот на хиерархијата ќе се изнаредат претседателите,

секретарите по функција така да едни исти персони ќе ни бидат прусутни во Парламентот со години, како што е искуство во многу парламенти во Европа, така да и тоа што сака некој да наметне дека ќе се зголемува бројот на пратеници, ќе се модифицира и со тоа ќе се оптоварува Буџетот не е точно, затоа што сигурно претседателот на партијата мора да биде прв. Потпретсдателот ќе биде втор, секретарот трет. Тоа е сигурна работа. Некој тврди дека не е така, но ќе видиме, претседателот на партијата мора да биде прв.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:** (продолжение)

Тоа се некои искажувања. И ова што е соодносот членот 47, применатa на овој закон ќе се однесува за идниот состав на пратениците. Инаку има повеќе поднесени амандмани. Тие амандмани беа дали треба да се реши станбениот простор, сместувањето на пратениците. Мислам дека ќе го оптеретиме законот. Тоа ќе го оставиме за некое друго време. Законот се носи повеќе како обврска на пратениците за тоа што *ќе* бидат професионалци, и функцијата да си ја извршуваат професионално.

Стално се оперира и се вртат во јавноста некои шпекулации дека пратениците земаат по 5.000 ГМ, 10.000 ГМ, платата на пратениците е некаде 20.500 денари зависно од годините на стажот, до 22.000 повозрасните. Она дека дневницата на пратениците изнесува 100, 200 или 300 ГМ не е вистина. Тоа е исто земено од просекот 8% просечната плата во РМ, се движи во границите 708,00 денари. Така што тие беа некои нејаснотии во јавноста. Обично се пишува и сака да се пишува она што не треба да се пишува. Никој не сакаше да им каже, ние имаме многу новинари, никој не даде званично да каже колку е платата толку се дневниците, туку се набројуваат бенефициите на пратениците кои ги уживаат, да кажеме со патни и дневни трошкови ги спојуваат, и ред други работи.

Мое убедување е дека овој закон треба да се донесе, и сметам на тие во многуте случаи луѓе во партиите кои се бенифицирани, директори на големи фирми, професори на факултет, и мислам дека опструкцијата доаѓа баш од тие редови. Благодарам.

**ЅВОНКО МИРЧЕСКИ:**

За збор се јави пратеникот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господо пратеници, имавме можност да го слушнеме предлагачот на овој закон. Повеќе од очигледно е дека се работи за бенифиции на пратениците. Господо граѓани Вас ви се обраќам. Дали овие пратеници заслужуваат овде бенифиции, кои извршија предавство на македонските државни интереси. Ова го нагласувам "предавство на македонските државни интереси", извршија и сега бараат бенифиции. Не само овие, и претходните кои работеа против државните интереси. Смејте се колеги, ова е вистина.

Може ние да зборуваме дека немате бенифиции. Само ќе земам еден пример: кога јас бев кандидат, мојот противкандидат потроши 300.000 ГМ, таа е вистината. Зошто толку големи средства и зошто толку сте заинтересирани да бидете пратеници ако ви е сеедно. Вие кои не сте универзитетски професори. Што сакате бизнисмени да бидете, да го пљачкате народот. Треба да кажете што сакате. Мора чесно да се работи во оваа држава. Го донесовме народот до питачки стап, сега уште сакате и привилиегии и уште што сакате друго да му земете на овој народ, незнам. Може да зборувате за платите ако ви се мали, да кажеме дека бараме платите да бидат поголеми. Тоа е точно. Јас имав можност да разговарам со парламентарна група од Полска кои напомнаа дека имаат плати меѓу 3 и 4 иљјади марки им се собирало. Во ред, но тоа е Полска, да не заборавиме. Нашето стопанство е катастрофално. Ние мора да излеземе во пресрет и со граѓаните и мораме да бидеме на нивото на можностите што ги има државата. 90% од граѓаните немаат што да јадат, не можат да опстанат, ние сме незадоволни со овие 1.000 ГМ што ги имаме. Господо, јас сум задоволен овие пари што ги имам. Кој не е задоволен нека не се кандидира, зошто по секоја цена сака да се кандидирате, зошто кажете? Сигурно заради тие привилиегии, ако парите ви се мали. Ако мене платата ми е мала јас не работам во таа работна организација во која работам. Сигурно некои привилегии мора да имате. Тоа потврдува дека нешто не е во ред. Нагласувам дека се работи само за лични побуди. Присутноста ја спомнавте. Ова нема никаква врска со присутноста. Оној кој е присутен е присутен, и за помали пари и за големи пари. Дека нема одговорност тоа е точно за тие што се отсутни, но тоа не треба да биде врзано со привилегиите. Присутноста и онака има можност да се санкционира доколку се сака. И присутноста можеме да ја решиме на друг начин, а не со привилегии.

Исто така г. Даневски, најави дека ќе сме давале заклетва и изјави.

Господа да не заборавиме, и претседателот на државата овде баш на оваа говорница во оваа сала даде изјава дека ќе ги штити државните интереси, и ќе го брани територијалниот интегритет на државата, па воопшто не го бранеше. И уште многу министри дале закелетва и со прст не мрднале, напротив ја оштетувале државата и ја грабеле државата, ја пљачкале државата. Значи не е проблемот во давањето на изјави, проблемот еднаш засекогаш да прекратиме со лични интереси. Мора еднаш да застанеме зад народот. Народот нас не гласал и не бирал да ги штитиме неговите интереси, а не да ги штитиме нашите лични интереси.

И сметам дека кога ќе дојде и расправата и гласањето, ќе кажам многу повеќе, не сега, но кога ќе дојде гласањето ќе кажам многу повеќе.

За денеска толку.

Па доволно е мислам ова што го кажав дека се работи за бенефиции и за лични интереси, а за закон сум да се донесе, но закон без бенифиции, само каде што ќе бидеме редовни на седници и мора да ги штитиме интересите на граѓаните и народот, а она дали ќе дадеме ние изјава што сме имале, ние дадовме изјава, јас како пртеник дадов изјава. Никој не дошол да ме праша што имам и како имам, и да ја провери таа изјава. Доста со формалности, крајно е време еднаш да поминеме на дело. Благодарам.

**ЅВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Ви благодарам. За збор се јави пратеникот Бошков Јордан.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Благодарам г. потпретседател, дами и господа, со извесно задоцнување од 10-тина години, мислам и со добро оркестрирани од медиите, еден сосема разумен законски проект кој упатно ќе беше и веројатно никој немаше да негодува доколку ние го наследевме веќе при првиот мандат, како што упатно ќе беше да добиеме готов и Деловник на Собранието, ние еве се двоумиме и наоѓаме причини да го одолговлечеме прифаќањето на еден закон, кој во суштина секој час може да биде и изменет, дополнуван.

Јас сметам дека недонесувањето закон за пратеници, пред се им одговара на партиските раководства. На извесен начин пратениците се пленици, или заложници на тие партиски раководства. Ако со закон се обезбеди до каде може раководството на политичка партија да зафаќа во делокругот на пратеник, тогаш мислам дека и позицијата на пратеникот ќе биде многу јасна. И наместо да се свестиме па по единаесеттина години плурализам во РМ, се обидеме нештата да ги поставиме да стојат на нозе, кај нас пирамидата и понатаму ќе стои на својот врв. Темелната болка во политичкиот сегмент кај нас е огромната превласт на многу тесни кругови од партиските раководства, врз се што се движи, па и мирува во РМ. Тука е потребно на некој начин и да се надминеме себе си, но исто така да ја изградиме позицијата на пратеник за таа да може да биде согласно со уставната поставеност, операционализирана. Тоа е точно дека населението, народот, кој бира свои претставници, многу малку фајде гледа од нив. Но, тоа е исто така точно дека ние па не се ни обидуваме да таа функција која е зацртана во Уставот, токму од законодавниот дом, да таа функција и ја оснажиме. И навистина да таа функција биде за показ, а не за криење. Пред една година овој закон со 70 и неколку гласови беше поддржан во Собранието, не е битно што тоа било многу доцна, битно е дека поддршката беше голема, но претседателот на Републиката најде за потребно затоа што народот негодувал, демек јавното мнение било силно изразено "против", да не го потпише указот за прогласување на тој закон, па затоа ние денеска еве затоа што предлагачот е толку надарен и настојчив, дебатираме повторно. А да беше г. Даневски со ниет како мојот, па бргу-бргу ќе се повлечеше, тогаш немаше да дебатираме. Штетата ќе беше по државата, а подоцна и по народот. Не се пробламатични извесни бенефиции. Проблематично е дали воопшто има плодови. Но во колку не ја зададете рамката, вие не можете да очекувате од тие функционери ефекти.

Јас сум од овие причини многу јасен и поддржувам донесување на законот, воколку мерата е надминатa, доколку тоа не е издржливо, па белким претставниците на народот ќе имаат слух и ќе изменат нешто. Вака имаме и болни ситуации, не неколкумина туку дузини се од колеги, поранешни, кои не се на никаков начин ситуирани во својата држава која што ја создале.

Потребно е да се има и осет и чувство за колегијалност, а тоа какви ќе се бенефициите ќе се види. Освен тоа транспарентноста е еден императив, дали имаме ние сега ситуација каде што е видливо што или со што располага пратеникот, а со што располагал при почнување на својот мандат. Немаме. Ова е начинот тоа да се постигне. Преку обврска, законска, тоа не уведено во законот за избор на пратеници, ниту во наредниот тоа ќе биде уведено, туку местото е токму во Законот за пратеници. Евентуално може со Деловник тоа да се реши, но сосема јасно е дека ако е законска обврска тоа ќе биде веќе неодминливо.

А тоа што во Република Македонија се мешаат работите и упорно се тајат, тоа веќе си е прашање и на тоа колку медиите си го нашле своето место. Ако според многу анализи во Југоисточна Европа владее корумпираност, па нејзе ја пронаоѓаат и во преставничките домови, во владините кабинети, но исто така и во медиите. За медиите тоа е едно огромно и драгоцено поле каде можат да настапат и да испитаат кој од пратениците што поседувал и што поседува, или неговите блиски. Исто така можат да се нафатат и со други носители на функција во држава. Но не, медиите тоа го одбегнуваат, од тоа не прават вистински афери бидејќи тоа и се афери, туку се занимаваат со теми кои не заслужуваат внимание, како на пример - Законот за пратеници. Тој ќе бил болка за народот. Не, напротив, Законот за пратеници ќе биде болка за пратениците. Нема тука збор. Бенефициите доколку ги имаат пратениците и онака ги користат, и тука не треба да се залажуваме дека доколку се изгласа ова за пратениците ќе има дополнителни бенефиции. Со ова единствено што ќе има повеќе за пратениците, тоа ќе бидат обврските. Обврските кон својата држава, обврските пред граѓаните, пред бирачите, но исто така веројатно, но тука не можеме тоа во закон да го поставиме и обврските кон своите партии. Бидејќи најдобро се служи на своја партија, ако во политиката, ако и се служи на државата, ако се носат пречистени текстови, претресени одредби кои служат на добро на широк круг, или барем на оној круг од населението кој ќе биде засегнат.

Оттука јас мислам дека не треба да има двоумење. Овој закон заслужува да биде донесен и секако бидејќи и нови избори ќе има, дали тие ќе бидат сега за два месеци или ќе бидат најдоцна за неполна година, тоа не е

битно, законов ќе може да се модифицира и да се прилагоди евентуално на тие можности или на тој потенцијал кој постои во Македонија. Благодарам.

**ЅВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? - За збор се јави г. Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Жапам што г. Симев е професор, да ме слушате за Вас се однесува, и онаа демагогија дека се повикува - го украдоа народот - го укарадоа. Кажете, кој го украл народот. Стално повикувате, кој го украл. Дали вие г. Симев со три месеца неработење во Парламентот бевте санкционирани нешто? Или како мапет-шоу се качувавте на тарасата тука на балконот и глумевте, влегувавте потоа дали бевте вие санкционирани за да можете да зборите треба да бидете редовни на работа, чесно да ја извршувате и професионално. Тогаш да критикувате. А вие не доаѓавте три месеца и сега вие ќе држите лекции дали треба, и повикувате да биде плата 4.000 ГМ. Значи бенифициите, не е 4.000 ГМ бенефиција на пратениците платата, бенефиција е тоа што треба да доаѓа редовно, и треба да има и права и обврски. Тоа беа моите укажувања г. Симев.

**ЅВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Благодарам. За реплика се јави пратеникот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господо пратеници.

Господине Данавски, јас сосема функцијата си ја вршам чесно, повеќа од чесно, да знаете ако накој пратеник овде изгубил, тоа сум јас. Изгубил. Затоа што примам плата од Факултетот за физичка култура, ова буквално го вршам за хонорар, а не вие кои имате бизниси, и кои плата примата од овде. И кој саката на друго има и презиме да ја земета Кланицата во Св. Николе, вас тоа ве интерасира бизнисот, а најмапку ве интересира пратаничката функција.

Бидејќи спомнавте дека со пратеничката функција ќе добиете само работа, а не привилегии, првпат слушам г. Даневски да е заинтересиран за работа и многу други. Јас варувам дека има пратеници овде кои се заинтересирани за работа, и кои сакаат да помогнат, ама најмалку вие сте тие кои сакате да помогнете и сте заинтерасирани многу за работа.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:** (Продолжение)

Ако бевте заинтересирани за работа, многу ќе помогневте а имавте можност досега да помогнете.

Исто така се споменува овде дека треба чувство да се има и солидарност од другите пратеници. Господо нема чувство и солидарност за никого. Мораме да го почитуваме законот и мораме сите да ги штитиме државните интереси. Од овде кога ќе ни заврши мандатот ќе се вратиме сите на своите работни места. Кој работел во Комуналец, ќе се врати во Комуналец. Кој работел во дактилографско биро ќе си се врати во дактилографско биро. Тој што работел шофер во Градски сообраќај ќе се врати шофер да си биде. Немојте сега да барате бенифиции ќе одел со стаж од 20 години. Зошто вие да имате привилегии порано да одите во пензија, зошто да не оди оној кој работел во рудник. Бенифиции нема за никого. Нема ни солидарност. Солидарни ќе бидеме само таму каде што се работи за државни интереси а не за лични интереси.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

Има збор координаторот на Пратеничката група на СДСМ, господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, почитувани пратеници, со оглед дека сега работиме само по Предлогот на закон за пратеници, претпоставувам кога ќе се створат услови и кворум во Собранието ќе можеме да работиме и по амандмани на текстот за донесување на законот, а со оглед дека тогаш ќе биде вон од контекстот за општиот претрес, јас сакам да го соопштам ставот на Пратеничката група по овој закон.

Ние цениме дека има потреба од донесување на закон за пратеници со кој ќе се уредат обврските, правата, статусот и другите работи во врска со вршењето на дејноста пратеник и особено концентрирање на сите овие права расфрлени по деловници, по други закон, по Уставот во еден закон. Меѓутоа, однапред соопштуваме дека доколку во Законот останат одредбите кои се привилегии вон од уставните системи на заштита на граѓаните на Република Македонија, а особено во оној дел каде што е за пензионирање и неиои слични одредби за кои ќе поднесеме амаднмани во расправата и ќе сакаме да се отстранат од законот. Меѓутоа, доколку останат тие одредби така како што се напишани што е вон од класичниот пезиски систем во Република Макеоднија, ние за жал целината на Законот заради тие одредби во врска со привилегирано пензионирање нема да го гласаме позитивно.

Значи, со оглед дека се работи за општа расправа ние упатуваме апел до предлагачот амандманот во врска со укинувањето на привилегираното пензионирање да бидат прифатени за да се створат услови Парламентот да го донесе законот. Во спротивно, што се однесува до нашата пратеничка група ќе гласаме против.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Предлагам пауза до 14,30 часот.

(Пауза од 13,45 часот.) (По паузата).

Седницата продолжи со работа во 15,10 часот.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Продолжуваме со работа по точката 42 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за соработка во областа на стандардизацијата, метрологијата, акредитацијата и оцена на сообразноста, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлог за донесување на закон. Молам, кој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за соработка во областа на стандардизацијата, метрологијата, акредитацијата и оцена на сообразноста.

Преминување на 43 точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за соработка во областа на туризмот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугардија, со Педлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлог за донесување на закон.

Молам, кој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претрест.

Преминуваме на 44 точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот на Мадрискиот договор за меѓународната регистрација на жиговите, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлог за донесување на закон.

Молам, кој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Преминуваме на 45 точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Стразбуршкиот договор за меѓународна класификација на патентите, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлог за донесување на закон.

Молам, кој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Преминуваме на 46 точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за слободни економски зони, со Предлог на закон.

Предлогот за донесуваше на Законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Се извинувам, оваа точка ќе ја одложиме за покасно бидејќи моментално немаме претставник од Владата.

Преминуваме на 49 точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал со Предлог на закон.

Исто нема претставник.

Преминуваме на 53 точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Словачката Република за враќање на свои државјани чие влегување или престој на територијата на друга држава е илегален, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлог за донесување на закон.

Молам, кој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Преминуваме на 54 точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Унгарија со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлог за донесување на закон.

Молам, кој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Преминуваме на 55 точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за взаемна административна помош за правилна примена на Царинскиот закон и за спречување, истраги и борба против царинските прекршоци меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Холандија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлог за донесување на закон.

Молам, кој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Преминуваме на 56 точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за мерките за спречување и решавање на гранични инциденти на македонско-бугарската државна граница, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлог за донесување на закон.

Молам, кој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Преминуваме на 57 точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за чување, одржување, обновување и обележување на граничната линија и граничните белези на македонско-бугарската државна граница, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлог за донесување на закон.

Молам, кој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Преминуваме на 58 точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за соработка во областа на културата, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлог за донесување на закон.

Молам, кој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Преминуваме на 59 точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за соработка од областа на образованието и науката, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлог за донесување на закон.

Молам, кој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Преминуваме на 60 точка - Предлог за донесување закон за ратификација на Ветеринарно-санитарната конвенција меѓу Република Македонија и Република Бугарија со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлог за донесување на закон.

Молам, кој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Преминуваме на 61 точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за соработка во областа на карантинот и заштитата на растенијата, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлог за донесување на закон.

Молам, кој бара збор,

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Преминуваме на 62 точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за правна помош во граѓанските предмети меѓу Република Македонија и Република Бугарија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот и извештаите на

работните тела  на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлог за донесување на закон.

Молам, кој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Преминуваме на 63 точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за државјанство, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела  на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлог за донесување на закон.

Молам, кој бара збор,

За збор се јави координаторот на пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Не во својство како координатор, како пратеник.

По повод ратификацијата на оваа конвенција сакам да апелирам до Комисијата за надворешна политика и Комисијата за политички систем, ги видов извештаите тие се прилично технички извештаи во врска со оваа конвенција. Би апелирал со оглед дека точката е 63 и ќе има уште многу време пред расправата по нејзе, да малку постудиозно проучат што всушност обврски презема со овој закон Република Македонија и каков би бил односот на нашето Собрание кон оваа конвенција. Имено постојат и во врска со ратификацијата разни инструменти во вид на заклучоци, декларации или во вид на други акти кои Собрнаието заедно со оваа ратификација може да ги донесе за да спречи нешто што може да се јави како спротивставување на два закони кои во Република Македонија важат.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ: (Продолжение)**

Имено домашното законодавство и овој Закон кој со Ратификацијата станува исто така дел од домашниот правен систем. Мислам дека тој обид не е доволен да се усогласат, или да се програмира како Собранието ќе се однесува во иднина кон овој проблем. И затоа апелирам уште еднаш да се погледне повнимателно и Собранието да биде во ситуација на целосна информираност кога ќе го донесе Законот за ратификација на оваа конвенција. Инаку нашата пратеничка група со ова не се спротивставува на ваквата ратификација, меѓутоа упатува на тоа дека е потребно Собранието во фазата на донесувањето да усвои евентуално некој заклучок за што апелирам Комисијата за надворешна политика и Комисијата за политички систем да го разгледаат уште еднаш.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Шеесет и четврта точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Будимпештанскиот договор за меѓународно признавање на депонирањето на микроорганизми за потребите на постапката за патентирање, со Правилник, со Предлог закон:

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела Ви се доставени.односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Шеесет и петта точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Државата Кувајт за економска и техничка соработка, со Предлог на закон;

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Шеесет и шеста точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Цивилната конвенција за спречување на корупција, со Предлог на закон;

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот. Преминуваме на Шеесет и седма точка.

Шеесет и седма точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата која се однесува на забрана и итно дејствување за елиминирање на најлоши видови на детски труд, со Предлог на закон;

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Шеесет и осма точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за заштита на рбетни животни кои се користат за експериментални и други научни цели, со Предлог на закон;

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот. Шеесет и девета точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за менување на Европската конвенција за заштита на рбетниците кои се користат за експериментални и други научни цели, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Седумдесетта точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Вториот протокол на Хашката конвенција од 1954 година за заштита на културни добра во случај на вооружен судир, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Седумдесет и прва точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Молдова за меѓународен патен превоз на патници и стока, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Седумдесет и втора точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата на Обединетите нации за борба против опустинувањето во земјите што се соочуваат со сериозни суши или опустинување, особено во Африка, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Седумдесет и трета точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Мултилатералната спогодба за комерцијални права за нередовен воздушен сообраќај во Европа, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Седумдесет и четврта точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за безбедноста на персоналот на Обединетите нации и на сродниот персонал, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување ка законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот. Седумдесет и петта точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Дополнителниот протокол кон Европската конвенција за известување на странско право, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Седумдесет и шестта точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Дополнителниот Протокол кон Европската конвенција за известување за странско право, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Седумдесет и седма точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Босна и Херцеговина за меѓународен патен превоз на патници и стока, со Предлог на закон;

Предлогот за донесување на законот, со Предлегот законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот. Седумдесет и осма точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за примена на гаранциите во врска со Договорот за неширење на нуклеарното оружје, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Седумдесет и деветта точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и СРЈ за социјално осигурување, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Осумдесетта точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија за соработка во областа на здравството и медицинските науки, со Предлог на закон;

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот. Осумдесет и прва точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Амандманот на Договорот за заштита на лилјаците во Европа, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Осумдесет и втора точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Амандманот кон Монтреалскиот протокол за супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка, донесен во Пекинг 1999 година, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Осумдесет и третта точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Шестиот протокол кон Општата Спогодба за привилегии и имунитети на Советот на Европа, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Осумдесет и четвртта точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Осумдесет и петта точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Унгарската Влада за промовирање и реципрочна заштита на инвестиции, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Осумдесет и шестта точка - Предлог за донесување на закон за Ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Унгарската Влада за одбегнување на двојното оданочување и заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Осумдесет и седма точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за остварување на правата на децата, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Осумдесет и осма точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за законски статус на вонбрачните деца, со Предлог на закон;

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Осумдесет и деветта точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за признавање и спроведување на одлуките кои се однесуваат на старателство над дацата и на обновувања на старателство над децата, со Предлог на закон.

Прадлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тала на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесувања на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот. Деведесетта точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за посвојување на деца, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам пратресот.

Деведесет и прва точка - Прадлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија, за заемно признавање на документи за образование и научни степани, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Деведесет и втора точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за преземање на лица со незаконски престој, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот. Деведесет и третта точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за пријателство и

соработка меѓу Република Македонија и Романија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Деведесет и четвртта точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за прашањата за сукцесија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Деведесет и петта точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Римскиот статут на Меѓународниот кривичен суд, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Минуваме на точката 96 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија, за соработка во областа на образованието и науката, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? - Има збор Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Албанската влада е една од спогодбите за разлика од многу други, кои ќе предизвикаат сериозни импликации врз живеењето во Република Македонија во делот во кој таа се потпишува. Се работи за област, за две области - образованието и науката, во кои соработката помеѓу двете држави врз основа на оваа Спогодба ќе се прошири, односно на една страна во Република Македнија ќе предизвика импликации во врска со бројното присуство на дипломи, кои согласно членот 4, 5, 6, 7 од Спогодбата ќе ги признаеме за важни во нашата држава.

Меѓутоа, она што би сакал јас да го потенцирам е следно.

Албанија ни е соседна држава, со која Република Македонија се труди да одржува добри пријателски односи, како што би требало да доликува на две држави. Во исто време како пратеник на ова Собрание, сакам да потенцирам дека не секогаш таков однос добиваме од Република Албанија и дека оваа држава и особено нашиот пријателски парламент во Тирана, многу често си дозволува за прашања кои се од внатрешен карактер за Република Македонија да зазема ставови и да продуцира ставови, за тоа како ние треба да се однесуваме. Во оваа прилика јас би сакал да укажам на фактот дека за нас е сосема неприфатливо однесувањето на неколку наврати на разни државни органи од Република Албанија, кои даваат политички и државни ставови во врска со проблеми кои не ги тангираат нивните граѓани. Се разбира дека Албанија е една од соседните држави на Република Македонија која во овие 8 години со меѓусебното признание не изнајде никаква храброст и доблест што јас го осудувам лично да го признае фактот дека нејзин источен сосед е Република Македонија.

Имено, Албанската држава и ден денес инсистира на фактот дека таа граничи со поранешната југословенска република Македонија. Се разбира, дека оправдување за тие ставови можат да се најдат, меѓутоа, во исто време сакам да потсетам дека ние туку што без дискусија поминавме неколку спогодби со држави кои ја признале Македонија под уставното име, па дури и спогодби со држави од ЕУ кои ги склучуваат како договори на пример помеѓу Република Австрија и Република Македонија и тн. Апелирам до Македонската влада во светло на најновите настани што се случуваат на Балканот, што побрзо на билатерален план одново да ги отвори прашањата за формулата под која Република Албанија ја признала Република Македонија и да и укаже дека таквиот став е непринципиелен.

Исто така би сакал да укажам на една недоследност што можам да ја забележам во трите текста на Спогодбата, кои ни се доставени во вид на закон на македонски, албански и англиски јазик, кои се склучени помеѓу Македонската влада и Албанската влада. Формула која избегнува употреба на името Република Македонија за понатаму да имаме текст потпишан од Албанската влада и од Македонската влада, наспроти нашите закони, барем за овој Парламент непознати

лица, иако по нашите закони за ратификација мора да се знае кој ја потпишал оваа Спогодба, кој во членовите каде што се однесуваат односите за дипломите за завршено средно, високо образование и особено членот 7 за дипломите на високите постипломски студии издадени од албанскитге високообразовни институции и дипломите на магистрите во Република Македонија издадени од македонските високообразовни институции во членот 7 на македонскиот оригинал стои "Дипломи на магистрите во Република Македонија". Во истиот член во верзијата на албански јазик стојат зборовите "Македонски", меѓутоа, од она што веројатно можам да го разберам иако не го познавам албанскиот јазик гледам дека стои "Република Македонија", туку веројатно стои некоја формула "македонските дипломи" и на крајот во англиската верзија по членот 7 стои "издадени од македонските високообразовни институции".

Во членот 20 во Спогодбата стои "Ова е склучена на македонски, албански и англиски јазик, со еквивалентни текстови, а во случај на недоразбирање во толкувањето на текстовите ќе важи текстот на англиски јазик".

Прво, сакам да констатирам дека член 20 е неточен, затоа што не се еквивалентни текстовите. Имено, во текстот на албански и англиски јазик стои "македонските високообразовни институции", а во членот 7 пред Парламентот е доставена верзија "Република Македонија", во која е создржан зборот Република Македонија и на што стои потпис од Албанската влада, заради проблемите за кои на почетокот зборував. Во евентуално недоразбирање во толкување на текстовите, сепак ќе важи текстот на албански јазик, каде што стои дека тие дипломи се издадени од македонскките високообразовни институции.

Јас би сакал да поставам две прашања во врска со ова.

Првото прашање е дали Владата на Република Македонија смета дека сега има простор одново да ги отвори билатералните разговори со Република Албанија за нивното признавање на нашата држава под нашето уставно име и да ја избегне формулата која ја употребува.

Второ, како е дојдено до ситуација трите текстови кои се потпишани и се разликуваат во некои детали, а пишува дека се сите еквивалентни и дали е тоа намерен или ненамерен пропуст од нашата Влада, односно од страна на албанците, албанските преговарачи незабележале детали за кои мислам дека за нас се исклучително битни.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Збор побара пратеникот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине потпретседателе, дами и господа, секако дека односите со соседите го заслужуваат нашето најголеми внимание. Ние во текот на оваа кризна година во Република Македонија, да не кажам оптоварена и со војна, со агресија како Парламент покажавме дека многу не водиме грижа за добробит на македонската држава.

Во Комисијата за надвлорешна политика оваа точка помина без дебата, како и мноштвото други ратификации што ги нуди Владата. Дали е тоа оправдано или не, нека биде изнесено и дадено на судот на јавноста. Ние ја разгледавме оваа точка во септември месец. Јас сум должен на ова место да го информирам Собранието дека работата на таа комисија е многу отежната, или барем беше до сега заради фамозната бариера околу кворумот. Ние во комисијата поставивме една точка на дневен ред, а тоа е токму освртот врз документите што ги донесува Парламентот на Република Албанија во врска со Република Македонија, инаку документи кои не се така наивни, но жалам што ќе посведочам и за тоа дека на петочното продолжение во таа еуфорија, во таа депримираност после прифатените измени во Уставот, на закажаната седница на Комисијата за надворешна политика, токму за ова прашање немаше повторно кворум и многу е жално што колегите од СДСМ не најдоа начин тоа да се надмине. Ќе беше упатно доколку имаме резерви кон ратифицирање на ваквата Спогодба со Република Албанија да се најде сила тоа да биде претресено најнапред во Комисијата за надворешна политика, а потоа евентуално и на друго место во Собранието. Вака како што течат работите, ние повторно ќе отвориме еден мегдан кадре што ќе може да се покаже кој е голем патриот, но суштинското место на делување, а тоа остануваат комисиите на Парламентот ќе останат без снага и без свое значење. Јас ги апелирал до колегите од СДСМ да обрнат внимание на работењето на таа комисија и поставената точка таму да можеме да ја разгледаме.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Преминуваме на точката 46 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за слободни економски зони, со Предлог на закон.

Предлогот за изменување и дополнување на законот, со Предлогот на закон, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за изменување и дополнување на законот.

Молам, кој бара збор? - Има збор Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, дозволете, заради новиот систем на работа кој го имате сега, ние се наоѓаме во непријатна ситуација. Прво, јас по претходната точка побарав неколку одговори од страна на овластен претставник на Владата. Претставникот на Владата не најде за сходно да одговори, дава одговор за кој никој не бара да даде одговор, господинот Бошков. Требаше да се даде одговор на тоа што ние го бараме овде, инаку, ако во расправата учествуваат претставниците на Владата, за да физички бидат присутни, тогаш не ни треба Владата нас. Нивното присуство тука е потребно ако имаме прашања во врска со законите кои тие ги предлагаат да одговорат на тие прашања во општиот претрес. Доколку не земаат збор, доколку вие не побарате од нив да одговорат на пратеничките дилеми во врска со законот, тогаш навистина мислам дека можеме и без нив да ги работиме законите. Сега се случи токму тоа, по барање да се дадат информации во врска со некои работи по текстот на законот, претставникот на Владата не одговори, меѓутоа таа точка сега заврши и сметајте го ова како процедурална забелешка, а ќе се вратам на таа точка кога ќе дојде фазата на расправа со истите прашања. Друго не ни остаснува деловнички.

По повод Предлогот за изменување и дополнување на Законот за слободни економски зони, ние сме сведоци дека откако оваа Влада ја превзема власта, или дојде на власт понуди еден закон за слободни економски злони кои во меѓувреме на секои 3 до 4 месеци нешто го изменуваме и дополнуваме, меѓутоа, никогаш не слушнавме дали тој закон нешто од причините заради кои го донесе ова Собрание продуцирал. Сега мислам дека сме во иста ситуација. Законот повторно да го смениме во некои делови, меѓутоа, никогаш да не слушнеме од Владата дали законот кој две години или повеќе е во сила и само го изменуваме и дополнуваме, има причина да постои. Дали тој дава некакви резултати, дали целите заради кои се донел законот се исполнуваат, или ние само од седница на седница го менуваме законот, без тој да вродува било какви резултати.

Сведоци сме дека Владата за слободните економски зони предложи закон, Собранието го усвои не едногласно, со волјата на мнозинство пратеници, во меѓувреме, како кој проблем се јави во државата, слободните економски зони се претвораа во слободни воени зони, без никогаш да слушнеме што од тоа е остварено.

Затоа би замолил претставникот на Владата да ни каже, освен овие неколку шкрти зборови што ги има доставено до образложението, дали овој закон вродува со плод, дали за овие две - три години откако постои законот има формирано една слободна економска зона и дали еден стопански субјект работи во некоја слободна економска зона? Кои перспективи со вакви измени ги нуди на Република Македонија. Инаку, само со измени на законот, а ништо од тоа не можеме да видиме како заживува, мислам дека се појавува објективно прашањето дали е потребен таков закон.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Благодарам господине Поповски. Јa прифаќам вашата сугестија дека требаше министерот за надворешни работи, поточно заменикот на министерот за надворешни работи да одговори на вашето прашање, но тој веројатно не чувствуваше потреба да одговори и не даде одговор.

Во однос на 46-та точка и вашето прашање поставено до министерот за економија, збор побара министерот за економија Бесник Фетаи.

**БЕСНИК ФЕТАИ:**

Се работи за измени и дополнувања на Законот за слободни едкономски зони, поради што во самиот закон, се разбира дека никогаш не можат да бидат законите усовршени. Кога се соочуваш со некои проблеми во практиката, се разбира дека законите се изменуваат.

Овој закон чека скоро од јануари месец. Измените и дополнувањата на законот се со цел да се формира Управен одбор, кој ќе донесува соодветни одлуки околу функционирањето на слободните економски зони.

Сега, од Владата на Република Македонија само е назначен директор, кој функционира без управен одбор, со 5-6 вработени. Меѓутоа, во почетна фаза за да функционираат ефикасно овие зони, се разбира дека треба да се изгради инфраструктурата. Огромни средства се потребни во зоната да се финансираат, се со цал инфраструктурата да биде како предуслов за економски развој на овие зони.

Во моментот се работи од некои градежни фирми, а исто така и некоја инсталација се вградува во самата зона. Јас мислам дека со овие измени и Дополнувања на законот ќе дадеме простор да се формира Дирекцијата за слободни економски зони, да се формира Управниот одбор во самата зона, кој ќе донесува одлуки за влаз на странски дирекни инвестиции во самата зона, а исто така и домашни субјекти можат да инвестираат. Во моментот баз управен одбор уште не се инвестира од страна на правни субјекти.

Исто така, мислам дака со прадложените измени и дополнувања на законот ќе се создаде простор ефикасно да

почнат да функционираат зоните, а кои се наменети за зголемување на извозот во Република Македонија.

Во измените и дополнувањата на Законот, исто така се избегнува оданочувањето на стоките кои са предмет на производството во самите зони, така што истите да не бидат оданочени со ДДВ. Тоа значи дека сите стоки што ќе се произведуваат и што *ќе* са извезуваат надвор од земјата да *не* бидат оданочени, а доколку са продаваат на домашниот пазар, да не се остварува несоодветна конкуренција помеѓу правните субјекти. Истите правни субјекти што работат во самите слободни економски зони да плаќаат ДДВ. Мислам дакауслешно ќе функционираат правните субјекти во слободните економски зони и му прадлагам на Собранието да ги прифати измените и дополнувањата на Законот за слободни економски зони.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници и претставници на Владата. Токму од тоа и стравував. Законот за слободни економски зони е донесен 1999 година.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (продолжение)

Денеска сме крајот на ноември 2001 година, и сосема очигледно и со овие измени ќе ја дочекаме донесени или недонесени 2002 година, три години откако е формирана, откако е донесен Законот за слободни економски зони. Тој Закон е донесен така што од тогаш наваму се прават три измени, секогаш да се подобруваат условите за некакво привлекување на некој кој ги работел во слободните економски зони. Мислам дека е време Парламентот да го констатира следново. Дека Владиниот проект за упад во економскиот систем во РМ со категорија за слободни економски зони беше повеќе политички отколку сериозен економски проект и дека тоз со уште 10 измени на Законите нема да го овозможи тоа што Владата го сака. А тоа е да се направат слободни економски зони во кои наводно ќе се вработуваат многу луѓе, ќе се донесе стански капитал и тн.

После три години ние констатираме дека никој тоа не го прави, дека сеуште има потреба законите да ги прилагодуваме затоа што со Законот никогаш нема да го прилагодиме она што неможеме да го направиме. Затоа уште и претпоставувам дека идната Влада на РМ ќе биде против ваквите дисторзии во економскиот систем да има нерамноправни услови за стопанисување, особено во услови кога и таквите дисторзии на страната на оние кои се можни бенифициенти од ваквиот Закон не пројавуваат никаков интерес. Треба дури отворено да кажеме дека Законот за слободни економски зони беше подпроизвод, супродукт на една во основа промашена политичка идеја на ДА да донесе како резултат на политичко признавање, или од друга страна продавање на политичкиот суверенитет на РМ на една држава која во светот не се наоѓа во семејството на нациите на ООН, да даде дел од својот суверенитет со тоа што го префрла како признавање од страна на РМ на Тајван за возврат да добие странски инвестиции и економска помош како некој вид на трговија.

Се разбира дека од другата страна тоа беше условено дека таквата помош ќе следи до колку имате слободни економски зони во кои нашите фирми ќе работат под повластени услови, ќе го користиме ова како брод во Македонија, ќе ја користиме брод во меѓународни води каде што нема царински услови. Таму ќе донесеме инвестиции, ќе вработиме луѓе и од тука ќе прескокнуваме со зајачки скок работа од Тајван во РМ, во бесцаринска зона и од тука извоз спрема ЕУ и соседството и тие услови да се искористат за наши вработувања.

Денеска можеме со сигурност да констатираме дека политчкиот проект Тајван е пропаднат. И покрај многу обиди економскиот проект Тајван е уште по пропаднат од политичкиот проект и дека сега е време ако тоа се направи така Владата на РМ да констатира дека слободните економски зони всушност внесуваат можност за дисторзија на економскиот систем во кој некој има услови за стопанисување кои се различни од условите на територијата на РМ, значи оние услови кои слободниет економски зони ги доставуваат, а и покрај тоа после две ипол, а веројатно ќе бидат и три години ние неможеме да констатираме дека тоа вродило со било каков плод.

Исто така колку што јас паметам формирани се органи на управа на РМ поврзани со спроведување на Законот за економски зони. Во Законот за органите на управување на РМ во Министерството е предвидено дека има дирекции, директор и тн. издавање на концесии и сосема е неточно ова што тука се кажува во образложението дека за спроведување на овој закон не се потребни финансиски средства од Буџетот.

Во Буџетот на РМ се предвидуваат ставки за да работат овие дирекции таму и ваквите измени исто така не го ослободуваат Буџетот од тоа.

Со оглед дека од друга страна нема никакви приходи, од причините за кои зборувам лично сметам, а и нашата пратеничка група за овој закон во неговата оригинална верзија 1999 година, неколку пати изменета досега се изјасни против. Лично сметам дека навистина би бил принципиелен потег на Владата на РМ не да ни достави закон со кој и понатаму ги продлабочува условите кои не вродуваат со плод, туку да достави еден друг закон кој ќе има еден член, а тоа е дека Законот за слободни економски зони кој е објавен во неколку службени весници од 1999 год, наваму се укинува.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитувани колеги, имавме договорено денеска да работиме до 16,00 часот заради празникот на припадниците на исламската вероисповест.

Денеска за реплика се има јавено Г. Никола Јованов и Г. Илија Пемов. Тие си го задржуваат своето право за реплицирање и нас ни фали една цела пратеничка група во салата, па сакам да бидеме принципиелни и да обезбедиме во текот на утрешниот ден во 11,00 часот колегите да дојдат на седница. Затоа во овој момент седницата ќе ја прекинам со правото на реплика во текот на утрешниот ден со самиот почеток на седницата.

Седницата продолжува утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,20 часот).